СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јануари 1995 година

Скопје, јануари 1995 година

**СОДРЖИНА НА ДИСКУТАНТИ ОД ДЕВЕТТАТА СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РМ, ОДРЖАНА НА 26.01.1995 ГОДИНА**


Дневен ред на стр.104

1. АЛИУ ЕШТРЕФ – 54
2. АБДИ ФАИК – 2
3. АЈДАРЕГА ГАЗМЕНД – 6, 10, 13
4. АТАНАСОВ ЃОРЃИ - 24
5. АНДОВ СТОЈАН – 37, 111, 116
6. БИЉАЛИ МЕРСЕЛ – 18, 22
7. БОГДАНОВСКИ ИГНАТИЕ – 60, 61
8. БУЗЛЕВСКИ ДИМИТАР - 87
9. ДАНЕВСКИ СЛОБОДАН – 57, 59
10. ЖУТА БЕЌИР - 91
11. ЗИБЕРИ НАСЕР - 48
12. ИВАНОВ РИСТО – 16, 38
13. ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 88
14. КАДРИУ ЗЕЌИР - 74
15. КОТЛАР МАРЈАН - 79
16. КОСТОВ ХАРИ - 116
17. КОТЕВСКИ СЛАВКО – 25, 26
18. ЛАЗАРЕВСКИ МИРКО - 46
19. МАЛИЧИ НАЗМИ – 61, 62
20. МИНОВ ПАНЧО - 81
21. МИТЕВСКИ ДРАГАН - 82
22. МИЛОШЕВСКИ ДАНЕ - 96
23. НАСТОСКИ ДИМЧЕ - 31
24. НИКОЛОВ ЈОВАН - 77
25. НИКОЛОВСКИ РИСТО - 95
26. ОСМАНИ РУФИ – 42, 100, 112
27. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 96
28. ПРУСИ АБДУРАУФ – 13, 14, 18
29. ПАУНОВ ТЕОДОСИЈЕ - 27
30. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 55
31. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 76
32. РАМАДАНИ ХИСЕН - 64
33. САБРИУ ИЉАЗ - 58
34. СТАНКОВСКИ ВЛАДИМИР – 98
35. СТОЈАНОВСКИ НАЌЕ – 103, 105
36. СТОЈКОВСКИ ЗДРАВКО - 53
37. СТОЈКОВСКИ БЛАГОЈА - 49
38. СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА - 44
39. СОКОЛОВСКИ ВЛАДИМИР - 28
40. СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО – 32, 94
41. СИМОВСКА ЕМИЛИЈА – 40, 48
42. СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ – 40, 41
43. ТРАЈКОВ МИЛЧО - 22
44. ТЕМЕЛКОВСКИ ЗОРЕ - 45
45. ТАИРИ МЕВЉАН – 66, 67, 69
46. ТАНТАРОВ ВЕЉО – 85, 86, 104
47. ТРПЕНОВСКИ ДИМИТАР - 89
48. ТАЛИМЏИОСКИ ПЕТАР - 92
49. ФРЧКОВСКИ ЉУБОМИР – 8, 15, 38, 52, 63, 71, 72
50. ФИЛИПЧЕ ИЛИЈА - 48
51. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈА - 91
52. ХАСИПИ КЕНАН – 92, 94
53. ЦРВЕНКОВСКИ БАРНКО – 9, 20, 26, 35
54. ЧАДИКОВСКИ ЉУБОМИР - 53
55. ЏАФЕРОСКИ АЛИЛ - 106
56. ШУНДОВСКИ ЈОРГО – 6, 23, 31, 71
57. ШАЌИРИ ХИСНИ – 49, 50


Крај на седницата!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕИКИ

## од Деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26 јануари 1995 година

Седницата се одржа во зградата на Собранието на РМ, сала 1, со почеток во 12,15 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дами и господа пратеници,

Ја отворам Деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Мирко Пецов, Нано Ружин и Ратка Куљан-Зографска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата поканети се: претседателот на Република Македонија господин Киро Глигоров и претседателот и членовите на Владата на РМ.

- Записникот од 7-та седница на Собранието на РМ ви е доставен.

Дали некој од пратениците има забелешки на записникот.(нема) Констатирам дека записникот од седмата седница на Собранието на РМ е усвоен без забелешки.

Пред да минеме на утврдување на дневниот ред поради тоа што некои од предлозите на дневниот ред се уште се чукаат, техниката нешто ни задоцни, предлагам да минеме на поставување на пратенички прашања.

I/2 сј/вц

Дали некој од пратениците сака да постави прашање до Владата на РМ односно до министрите.

Господин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, дами и господа пратеници, господа министри,

Имав денеска намера да поставам барање за дополнување на дневниот ред за една многу важна точка што се случи овде во Македонија, за два случаја, меѓутоа известен бев од претседателот на Парламентот дека ќе има пратенички прашања, а знам институцијата пратенички прашања се кратки но ве молам да бидете стрпливи заради итноста на работата заради тоа што беше заради тоа што беше откуцано, да кажам неколку зборови, со две барања.

Првото прашање е вакво: Барам точна автентична информација за настаните во битолското село Кравари каде со обид и јавно искажување пред телевизиските камери на МТВ се бара обавезно иселуваше на едно ромско семејство (ако веќе не е доцна, не знам, или ќе му ја запалеле таму куќата).

Второ прашање точна и автентична информација за нечовечниот, брутален настан во едно село титоввелешко, не знам како се вика каде веќе е изгорена куќата на еден сосед ром по националност, кој со семејството остана без кров во ова зимско време.

За овие две работи ви кажал нешто.

Најпрвин телевизијата А-1, а потоа на 18 јануари 1995 година во очите на целата македонска јавност во емисијата Доброутро Македонијо, репортерите разговараа со соселанецот христијанин по вера, ром по националност и државјанин на Република Македонија кој ја купи таа куќа за 35 илјади германски марки. Мештаните повеќе не сакаат со нив да живеат како што најавија во својата месна заедница пред камерите и тоа

на свиреп начин цигани, односно ѓупци, односно рекоа дека сакаат нивното село да остане чисто македонско. Рекоа дека собраа околу 120 илјади германски марки за да ја откупат куќата од ѓуптинот, како што рекоа, иако не се сложува ќе му ја запалат куќата.

Репортерите му го кажаа на човекот ром, но тој мирно и отмено одговори "пред да ми ја запалат куќата ги молам да ми кажат кога за да можам жената и двете дечиња да си ги извадам надвор".

Вториот случај како да чекаше згоден момент. Тлееше 12 до 13 години и на 19 јануари оваа година, мештаните македонци како што сами изјавија пред камерите на ромската редакција на МТВ се подиграа со настанот и им рекоа, мислејќи дека се македонци "зошто дојдовте да ги снимите " па тие се "ѓупци", а тогаш ние си бевме на коледе, му ја изгореа куќата на човекот Ром во кој имаше маж и жена и четири деца, 60-тина кокошки и друга живина, 30-тина зајаци, брашно, шеќер итн. итн. При спасувањето на своите деца, човекот, а и тие невини човечки суштества се здобија со опекотини по рацете, грбот и други места. Им изгоре се.... останаа голи и боси. Се отиде во пламен кој смрдеше на петрол, а во гаснењето на пожарот скоро никој однадвор не учествуваше. Толпата од насобрани луѓе или нелуѓе се смееше и викаше дека е на коледе.

Само еден дел од плевната како да е само спасен или пак некоја шупа, па сега луѓето таму се сместени.

Веднаш ми беше јавено за овој немил и многу опасен брутален вандализам или неофашизам.

Домаќинот на семејството во изминатиот петок дојде во седиштето на ПЦЕР, пред камерите на приватната Радио и ТВ станица БТР кажа се, а и јас дадов изјава, со апел до сите граѓани со било што да му помогнат на ова несреќно семејство.

За се ова по писмен пат ги запознав господата Глигоров, Андов и Бранко Црвенковски. Од МВР од помошникот министер за јавна безбедност ми се јави дома по телефон и ми кажа дека тоа било некоја напуштена дрвена барака на крајот од селото која најверојатно заради старата електроинсталација се опожарила, но тоа да не го земам за доста точно, бидејќи го очекува материјалот, па потоа ќе видиме.

Во неделата што измина откај нас, од Шуто Оризари, појде камион со помош во вид на храна и облека, а потоа појдоа и камерите на БТР радио и телевизија и неколку членови на ПЦЕР.

Разговарав со нив веднаш по враќањето.

Во понеделникот испратив телефакс до господата Глигоров, Андов и Бранко Црвенковски, министерот за внатрешни работи, целиот дипломатски кор во Македонија и амбасадорот на ЌЕБС во Македонија, господинот Торе Бох, до јавните медиуми односно радиото и телевизијата, Нова Македонија, Вечер, а во исто време од ромската редакција при македонската телевизија замина екипа од сниматели и новинари. Во вторникот на ромската програма имаше што да се види луѓето не живееја во некоја баракичка ами внатре во селото во камена куќа со цигли, впрочем како и целото село, останаа само ѕидови и уште неизгаснати места од оган и жар полно со смрдеа и петрол.

Во вторникот на 24 јануари 1995 година мојата партиска делегација имаше средба со германскиот амбасадор и амбасадорот на ЌЕБС. Утре имаме средба со амбасадорот на Велика Британија.

Со амбасадорот Торе Бохс, се договоривме ова прашање да оди преку институциите на системот и јавните гласила и овде во Собранието на РМ, а тој ќе преземе соодветни мерки од своја страна за да не ескалира оваа фашизоидна појава и натаму слична на оние што се случуваат во Русија Жириновски, па Чехија, па Словакија, па Бугарија итн.

Бидејќи не знаев дека ќе се поставуваат пратенички прашања од МВР од Министерството за урбанизам и градежништво и Министерството за труд и социјална политика под итно сметам и барам да се стори следното.

1. На настраданите да им се обезбеди кров над глава со брза интервенција од некоја работна организација или на било кој друг начин.

2. Да и се додели на оваа фамилија поголема сума на парични средства од аспект на големи непогоди - виша сила, а не некоја еднократна социјална помош. Од таква помош нема потреба. Ние сами ќе собереме и ќе дадеме.

3. Да се пронајдат актерите и да се земат на соодветна одговорност и во ова и во другото село односно битолското село каде состојбите се многу затегнати.

При сето ова, господо пратеници и членови на Владата на РМ го искажувам својот револт и револтот скоро на сите граѓани на РМ кои телефонски ми се јавуваат, а посебно револтот и стравот на ромите како и својата загриженост. Зарем можеше ова да се случи во РМ. Зарем не ни е доста примерот за она што се случи во Босна и Херцеговина. Зарем сакаме и ние и светот да го повториме национал - шовинизмот, фашизмот, и Ааушвиц, каде заедно со Евреите и другите се уништени и 20 илјади роми.

Уверен сум дека ќе ја прифатите мојата молба, мојата загриженост и моето барање, почитувани колеги, како ваша, за да Владата на РМ и сите ние дејствуваме онака како што ни приличи на еден демократски високо толерантен народ и граѓани кои ја сакаат својата земја во мир и кои сакаат да се гордеат со својата земја за да послужи како пример во целиот свет.

Верувам дека сите парламентарни партии и сите вонпарламентарни партии ќе се јават со свои соопштенија за осудување на овој немил настан.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашања се поставија и до министерот за внатрешни работи и до министерот за урбанизам. Така разбрав, и барате одговор денес господине Фаик Абди.

Господине Абди барате писмено одговор или денес да ви се одговори. (господинот Фаик Абди од место вели дека одговор бара денес) Денес.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, И двата случаи треба добро да се испитаат и добро да се видат какви се. Во Министерството за урбанизам многу брзо ќе изготвиме писмена информација и посебно ќе предложиме предлог мерки кои треба да се преземат како што бараше пратеникот Фаик Абди.

Благодарам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг ќе одговори.

Дали господинот Фаик Абди е задоволен.

Да. Нема дополнително прашање господинот Абди.

Има збор господинот Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Бидејќи институцијата пратенички прашања не функционираше до денес, јас имам пет прашања.

Првото прашање е: Зашто сеуште не е во процедура законот за заштита на растенијата. Ова прашање го поставувам од причина што има сознание дека на големо се кршат одредбите на член 32 кои

пропишува кој има право на увоз на пестициди, сировини и готови производи. Тоа е првото прашање.

Второ, зошто не се спроведува обврската препаратите што се во промет, се мисли на препаратите за заштита на растенијата што се во промет во РМ да се објавуваат во Службен весник за да знаат и производителите а и трговците на кои препарати кога им истекува дозволата.

Трето прашање, зошто се гонат прекршочно припадниците на националностите кои истакнуваат нивно национално знаме на одредени свечености под обвинение дека истакнале знаме на туѓа држава, кога се знае дека според член 2 4 од Законот за прекршоци против јавниот ред и мир овие знамиња не само што се дозволени да се истакнуваат туку дури се заштитени, а пропишано е да се гонат прекршочно тие лица што неовластено ги симнуваат оштетуваат, кинат, замачкаат.

Се поставува прашање дали натаму ќе гониме за вербален и симболичен деликт.

Четврто прашање, зошто се гонат прекршочно граѓаните од Центар Жупа и соседните села со мотивација кршење на јавниот ред и мир поради фрлање на петарди, а тоа се прави, зошто учествуваа на митингот односно прославата по победата на кандидатот на ПДП.

И, петто прашање зошто е прилично висок бројот на осудените лица кои прифаќаат да се упатат на издржување на затворска казна пред правосилноста на пресудата. Траењето на статусот на притвореник се продолжува во секакви законски разбирливи рокови што сметаме дека претставува вршење на терор врз обвинетите за да се присилат на признавање на обвинението. Што преземаат надлежните за да бојот на ваквите тортурирани притвореници се сведе на "исклучоци" од правилото, а не да продолжува како постојана појава и пракса.

Благодарам.

Молам, кој ќе одговори на прашањето?

Пет прашања. Првото прашање за процедурата овде не е упатено до Владата и до министрите и не може да добие одговор, се разбира.

Да видиме другите прашања.

Господин Фрчковски, министер за внатрешни работи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Колку што го разбрав 3-тото прашање што се однесува до прекршочните пријави одговор ќе им даде министерот за правда бидејќи се однесува во областа на спроведување на законите пред се, во областа на правдата, меѓутоа колку што ми е мене познато со делот на активноста кој го покрива МВР во идентификација на таквите случаи се работи секогаш за случаи кои отстапуваат од една пракса, а истовремено и од законот кои во РМ сме ги востановиле, знамињата на националностите се истакнуваат заедно со државното знаме на РМ. И, прекршочните пријави единствено се доставени во овие случаи кога се отстапува од ваквата пракса.

Инаку, точно е дека се работи за идентификација меѓу знамињата во еден случај на една националност со државното знаме на друга држава што создава реален проблем, кој, не постои случај тоа може слободно да ви кажам, знаме на туѓа држава се истакнува во случај во кои се наведени во прашањето без притоа да имаат некакви правни консеквенции. Друг е проблемот со знамињата на националностите и националните симболи Во 99% случаи тие се различни од формалните знамиња на странските држави и тогаш постои модус на дискрепанца, модус на разлика кое знаме се користи. Во овој случај кај националните симболи на албанската националност таа идентификација не може да се направи. Често произлегуваат конфузии и на теренот и од прекршочните пријави од таквата сличност.

Веројатно со законската регулатива која сега ни претстои тоа прашање ќе биде, а и со овие меѓународни разговори кои ги имаме, тоа прашање и досега беше регулирано, ние се однесуваме, што се однесува до Владата строго во рамките на таквиот правец на дејствување. Отстапувањата се проблем сепак на прекршителите.

Во случајот во Дебар прекршочни пријави се поднесени против лицата кои користеле огнено оружје во толпата, тоа се случува и во сите градови о користење на петарди, доколку се идентифицира лицето и се работи за јачина на тие петарди кои што се исклучително силни. Се воспоставува можност за поставување на прекршочни пријави во тој случај, меѓутоа тоа се случува не само во Дебар тоа се случува секаде, сега за нова година во Скопје имаше 30-тина прекршочни пријави по таа основа. Тука нема никаква основа за национална разлика.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој ќе одговори на другите прашања од господинот Ајдарага.

Господинот Црвенковски, претседател на Владата.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, пред се би ве замолил кога ги дефинирате прашањата точно и прецизно да кажете до кого е упатено до кој министер, до која личност во Владата за да точно знаеме од кого се очекува одговор бидејќи може да заклучам од прашањата што господинот Ајдарага ги постави дека се однесуваат на Министерството за земјоделие на Министерството за правда. За жал на денешнава седница не се присутни двата министри бидејќи од оправдани причини се денес отсутни, едниот е отсутен од Скопје а другиот е отсутен од РМ.

Оттука би го замолил господинот Ајдарага да го уважи тоа писмено на овие прашања да биде одговорено на наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, значи, за тие две прашања.

Господин Ајдарага.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Пред се, во целост го прифаќам објаснувањето на премиерот и мислам дека е во ред и немам ништо против да ми се даде писмен одговор. Образложението е јасно.

Меѓутоа, што се однесува до прашањето на кое одговараше министерот за внатрешни работи јас делимично сум задоволен но не сум целосно, затоа ќе поставам едно дополнително прашање. Како ќе постапуваше министерот односно Министерството за внатрешни работи ако некој го дигнеше американското знаме. Дали тогаш ќе поднесуваше прекршочна пријава. Сигурен сум дека не, бидејќи досега не сум имал случај да бидам запознат односно да пишуваат весниците дека била таква работа. Затоа мислам дека треба јасно да кажуваме и да отстапуваме и од такви работи.

Министерот даде одговор кој што не е целосен, не се совпаѓа со сето она што треба да се прави. Зошто досега не се направија, поминаа четири години,/' еве петта година од Министерството не се даде, или од надлежното министерство, да не речам Министерството за внатрешни работи во врска со тие знамиња. Зошто ништо не се направи. Тоа беше во минатиот мандат. Не добивме таков материјал ниту да се настојуваше да се реши тоа прашање.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА**(Продолжение)

Затоа мислам дека изостанува акцијата што треба да се преземе во врска со решавањето на ова прашање. Создаваме непотребни проблеми зошто да ги ствараме овие проблеми? Јас би рекол дека, ќе се изразам со јазикот на народот дека секое чудо за три дена. Таа застава ја имавме порано никој ништо не прваше, не се прави со заставата ништо. Зошто да не се направи да се озваничи и да се заврши таа работа за да немаме пријави и создаваме непотребен револт кај народот. Затоа ќе мора дополнително да ми се даде писмен одговор од страна на Министерството за внатрешни работи што мисли и како мисли да го реши ова прашање.

Што се однесува до прашањето за огнено оружје во Дебар, се извинувам што денеска не го носам со себе копијата од прекршочната пријава, не се работи за пукање со огнено оружје, туку строго за петарди. Тврдам одговорно под секоја морална и кривична одговорност дека ова е точно и ќе приложам докази дека се работи за петарди и за да биде најлошо направено е на митинг заради прослава. Сите не можат да победат, еден ќе победи. Ако се налутија тие што не победија па не победија што да правиме, ќе победат на следните избори.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Видете господине Ајдарага, употребата на странските знамиња е регулирано, можете да земете било кој од законите од било која западноевропска земја и тоа впрочем никаде не е пракса. Точно се знае кога се употребува знаме на странска држава во какви прилики, тоа е дефинирано со државниот протокол на тие земји. Во овој случај јас ви спомнав , а и вие тоа добро го знаете од каде произлегува конфузијата и проблемот со конкретното знаме на националноста - Албанците кои живеат во Македонија. Тоа произлегува од тоа што е тоа  потполно

идентично по својот дизајн со официјалното знаме на Република Албанија. Употребата на таквото знаме произлегува односно произведува консеквенции секаде во секоја држава. Она што се однесува до реакциите на македонската држава исклучително толерантна по таа основа , јас мислам дека нема таков случај употреба на странско знаме на овој начин се толерира. Не само заради тоа претходниот период од бивша Југославија имала единствена земја во Европа која има посебен закон за знамиња на националности, но и поради односите и нивото на толеранција која постои во државата. Тоа прашање во секој случај ќе треба да се реши. Не на начин, верувајте , бидејќи тука нема никаков стандард, на начин што би се регулирало или толерирало или покрило правно употребата на знамето на друга држава, туку со точна дефиниција што е националниот симбол на соодветната националност.

Ќе ви дадам неколку примери. Знамињата на Данското и Германското малцинство во другите држави се разликуваат од официјалните знамиња на матичните држави на тие земји и таму не постојат проблеми со употребата, точно се знае што се употребува. Данското државно знаме се употребува во други ситуации во германскиот протокол, кога доаѓа на посета делегација од државата Данска. Мислам дека тука многу слабо можете да се повикате на било каква меѓународна пракса, а ова што досега го востановивме и мислам пред се со напор на македонската Влада да се избегнат било какви конфузии во таа област, не се почитува токму од определени граѓани и во такви ситуации може да дојде до поднесување на прекршочна пријава. Но, за разлика од случаевите каде тоа коректно се употребува во согласност со таквиот договор, разликата е голема и мислам дека решението не може да се бара во легализирањето на лошата пракса, туку во изнаоѓање на заедничко решение во оваа насока, во насока на некаков стандард.

Мислам тука барем од Владата имате голема предусретливост и толеранција.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Ајдерага, но Ве молам или да кажете дали сте задоволни или незадоволни од прашањето, или ако имате дополнително прашање. Ние не водиме расправа по ова. Не сме одлучиле да водиме расправа.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Потполно се согласувам со претседателот и затоа нема да водам расправа, бидејќи не настојував да водам расправа. Министерот не ме убеди, бидејќи јас не барав да се легализира нелегализирано, никако во никој случај. Само барав она што треба да се легализира, да се легализира.

Уште нешто да додадам и ќе му поставам уште едно дополнително прашање на кое не одговори. Какви мерки презема против оние што на јакните ги носат туѓите знамиња. Да видам дали има некој пример. Јакни со знамиња на Америка има колку сакате, секој ден се продаваат и никој ништо не презема.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, нема дополнително прашање.

Има збор г-динот Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитувани пратеници, дами и господа. Јас имам три прашања, првото прашање се однесува за министерот Фрчковски, имено како што знаеме врз основа на договорот на претседателот Глигоров со тогашниот

II/4.-

старешински кадар на ЈНА и врз основа на повикот на Владата на Република Македонија во тоа време дел од старешинскиот кадар од тогашната ЈНА може да остане во РМ и да служи во Армијата на РМ и тој дел, јасно, остана овде и служи во Армијата на РМ. Тогаш на нив им беше ветено дека ќе ги уживаат сите права како и другите старешини во Армијата на РМ. Меѓутоа, од последните сознанија иако постои позитивно мислење од Министерството за одбрана и од Владата на РМ, од Министерството за внатрешни работи нема никакви сознанија, односно тие немаат сознанија за нив ни за нивните членови на семејството. Затоа поставувам прашање до министерот Фрчковски, ако слуша, еве сега токму се шета, господине министре вам ви се обраќам...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам вие сега зборувате на парламентарна говорница, рековте на кого е упатено прашањето и немојте да ги опоменувате луѓето. Повелете.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Зошто МВР прави опструкција на овие старешини, јас не знам кој е бројот, но доста е голем. Тоа би било првото прашање до г-динот Фрчковски.

Второто прашање е до господинот министер Иванов, а се работи за Законот за преструктуирање на претпријатијата.

Спрема образложението што го имавме односно таму се гледаше дека критериумите за тоа кои претпријатија ќе се определат за загубари беа одредени првенствено врз основа на економски пара- метри. Никаде, барем јас не видов во материјалот, не постојат технолошко развојни параметри. Прво би прашал зошто не е консултиран научниот потенцијал на Републиката од ова поле и второ, ме интересира професионалната

структура на Комисијата на Владата која работи на овие проекти, односно која треба да ги следи овие проекти.

Третото прашање тоа е лично, меѓутоа, беа заинтересирани и други пратеници, пред извесно време бев поканет како пратеник на Собранието на РМ да учествувам на една прослава , еднонеделна која се одржува во градот Коња во Турција и дадов барање до органите на Собранието да ми се издаде дипломатски пасош, меѓутоа, до ден денеска тој пасош го немам добиено, а не знам ни каде ми се документите.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во врска со лицата бивши официрени во ЈНА кои останале и воопшто кој служеле служба таму и останале во РМ со повлекувањето на ЈНА и кои не се државјани на Републиката постои процедура на кој начин тие би можеле да стекнат државјанство или да аплицираат на него. Во таа процедура по член 7 ако се оди нормално и по член 11 стојат сите услови кои лицата треба да ги исполнат за да го стекнат државјанството, меѓу кои стои и проценката оставена таква каква што е оставена, дискреционо право на Министерството е да го даде државјанството или да го ускрати во рамките на проценката на нивната активност во составот на бившата ЈНА или сегашната нивна активност за безбедноста на Републиката. Во таа смисла Министерството воспостави пракса да се консултираат службите во Армијата за податоците кои се однесуваат на ова прашање за оваа точка, меѓутоа, последната инстанца, последниот збор го кажува, според Законот, МВР во оваа точка околу безбедносната подобност на тие лица. Во таа смисла има различни случаеви, како што знаете има лица околу 17 на кои државјанството им се одобри, а воопшто не е точно дека на блок групата на лица кои останале или биле

излажани или им било ветено нешто, а не знам кој им го ветил тоа вон законската процедура, а биле ставени во друга ситуација, тоа не е точно. Секој индивидуален случај е посебно проценет, некаде околу, не ја знам точната бројка, но знам дека една група на офицери која беше токму од албанската националност според сите податоци ги помина сите процедури, имаше позитивно мислење од кај нас и им беше дадено државјанство. Останатите, ако има такви на кои им е ускратено, а има и тука нема посебни поделби на националности, има од српска, од македонска кои се повлекле со ЈНА, па потоа се обиделе да се вратат, тоа друштво е шарено, кои според нашите информации го немаат тој услов за добивање на државјанство и нема да го добијат државјанството, тоа е сосема во согласност со законот и тоа е така, поинаку не знам како би било.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали имате дополнително прашање? (Нема).

(Му се обраќа на г-динот Ристо Иванов)

Дали сега ќе му одговорите на второто прашање на г-динот Пруси?

Има збор г-динот Иванов.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Законот за загубарите беше скоро на седница само би потсетил дека во оваа фаза се вршеше селекција кои претпријатија треба да влезат во оваа програма. Беше спомнато дека голем број на претпријатијата конкурираа, постоеа економски параметри за нивна селекција од висината на загубата, учеството на загубата во вкупниот приход, бројот на вработените, висината на средствата и извозот.

II/7.-

Врз основа на тие параметри се вршеше селекција кои би требало да влезе во тие 25, бидејќи имаше поголем број претпријатија кои конкурираа на тој конкурс.

По однос на прашањето дали се земени технолошко развојните компоненти во програмите за преструктуирање, јас би потсетил само на нешто, дека во соработка со раководствата на претпријатијата и посебно консултантските фирми од Светската банка вршеа снимање и анализа на состојбата и пред се анализа што е причината за загубата. За добар дел претпријатија каде имаше големи спорови околу тоа како би требало да оди преструктуирањето и понатаму има земено обврска, тоа се поголемите претпријатија во рок од три месеци од почнувањето на реализацијата на програмата да се изготви посеопфатна студија за тоа на кој начин до крај да се реализира програмата за преструктуирање.

Да напоменам дека и во текот на спроведувањето на оваа програма за одредени стручни прашања преку Агенцијата за приватизација и ангажирање на стручни лица, ќе се бара решение на проблемите кои ќе се јават во текот на реализирање на програмата. Во овој момент основна цел е да се изврши ослободување на овие претпријатија од финансиските обврски за да во 1995 година се види дали можат да обезбедат готовински тек односно покривање на трошоците на работење со приходот.

Во однос на професионалната структура на Комисијата , таа е сочинета од членови на Владата и директорот на Агенцијата за приватизација и единствена цел е реализирање на политиката за овој закон да заживее во пракса. За стручните прашања на располагање ни се Агенцијата за приватизација, Заводот за платен промет и стручните институти кои ги имаме во Републиката.

Повторно бара збор г-динот Пруси.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Во однос на првото прашање делумно сум задоволен од одговорот, а што се однесува до одговорот на второто прашање воопшто не сум задоволен заради тоа што одговорно тврдам дека ни од Природно - математичкиот факултет ни од техничките факултети кои се најмеродавни да дадат суд за преструктуирање на овие претпријатие не се консултирани. Тоа е жалосно за оваа Република.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, за пасошите министерот за надворешни работи не е тука, па ќе ви одговори писмено.

Има збор г-динот Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:** (продолжение)

Во некои одлуки во Уставниот суд и во некои изјави на владините функционери во врска со толкувањето и операционализацијата на член 7, а што се однесува на јазиците, произлегува дека овој член трајно рестриктивно се интерпретира, односно толкува. Посебно загрижува што дури Уставниот суд како орган надлежен за зачувување на уставноста и законитоста и тој крајно рестриктивно го протолкува овој член. Затоа јас реков, јас не сакам да бидам кум на овој суд меѓутоа, изгледа повеќе одговара да се вика фактички политички суд, отколку Уставен суд.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете го прашањето г-дине Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Само да констатирам две-три реченици, после прашањето. Прашањето конкретно до Владата гласи како го протолкува, односно што подразбира Владата со поимот единица на локалната самоуправа. Дали подразбира организациона форма, или подразбира територијална единица. Тоа е суштинско прашање што мислам Владата има обврска да го образложи.

Второто прашање се однесува до Министерството за финансии Врз која основа од Министерството за финансии е земено 1% провизија од кредитот земен од кредитот од јавното претпријатие ПТТ во врска со кредитот од Европската банка за обнова и развој. Сметаме дека такво нешто досега не е практикувано и не би требало да ги доведеме до дискриминација јавните претпријатија.

Трето прашање исто така до Владата, затоа што квалификацијата беше на Владата. Врз која основа се засновува констатацијата на владата дека високото образование на мајчин јазик, односно албански јазик е неуставно и не законско, имајќи ги предвид овие точки.

Прво, дека некои обврски земени како меѓународни обврски каде спаѓа и конвенцијата за образование усвоено од УНЕСКО 1960 година а ние сме задолжени од таа конвенција.

Второ, постоењето на членот 45 од Уставот,

Трето, Уставното начело дека се што овој Устав забранува е дозволено и

Четврто, логично толкување дека ако се дозволува средното образование, нормално треба да се дозволат и кадри кои ќе ја организираат и ќе предаваат во тие средношколски институции. И последното прашање како е можно предлогот на Републичкиот судски совет од 2 0 членови- врховни судии, само еден да е албанец, сметам дека тука не е водена никаква грижа за националната структура, дали имало разговори помеѓу коалиционите партнери или не, јас сметам дека треба да се произнесе Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Сметам дека последното прашање не е прашање до Владата, нема што да се произнесува а другите ќе ги препознаат, бидејќи не беа адресирани. За министерот за финансии има посебно прашање.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас уште еднаш би замолил до пратениците кои што имаат намера да поставуваат пратенички прашања, прво јасно да ги идентификуваат прашањата и адресите на кој што ги упатуваат. Значи до министер тој и тој, член на Влада тој и тој, како би можеле поефикасно да ја водиме целата процедура околу оваа институција - пратенички прашања.

Во овој случај јас ќе си го земам правото да кажам не само едното прашање, туку можеби и повеќе прашања од овие прашања што беа веќе спомнати не се прашања каде што треба да бидат упатени до било кој член на Владата во целина.

Што се однесува до членот 7 од Уставот, прво по нашиот правен систем ниеден орган или институција нема ексклузивно право да го толкува Уставот, тоа се однесува исто така и за Владата на РМ туку секоја институција низ сопствените акти ги гради уставните решенија. Ако се јави спор околу тоа толкување постои Уставен суд, се поведува постапка и Уставниот суд донесува одлука и таа е конечна. Тоа е нашиот правен систем, оттука, како Владата го толкува членот 7 од Уставот ќе видите какви закони Владата попоодделни области ќе ви предложи, веројатно во Законот за локална самоуправа тоа ќе биде најцелисходно видливо.

Втората работа околу провизијата од 1% бидејќи е упатена до Министерот за финансии, тој е отсутен, јас ќе си го земам

правото дека е погрешно упатено до Министерството за финансии или до Владата, бидејќи таа провизија веќе не се зема со одлука на Влада или на Министерство, туку со Закон што ова Собрание ќе го донесе. Точно е тоа дека Владата го предложи, меѓутоа Собранието го донесе гој Закон со такво решение и сега од тој Закон произлегува обврската за наплата од 1% провизија во дадениот случај и Министерството не може никако поинаку да постапи бидејќи ќе го крши Законот донесен од највисокото законодавно тело. Овие две прашања ги идентификував на кој што јас би одговорил, мислам има нешто за Министерството за образование, а она што е мислам коректно и од наша страна како членови на Влада и од страна на пратениците е тоа да имаме респект према онаа трета инстанца, трета власт во оваа Република што за жал во овој момент не е

присутна тука, а тоа е Законодавната, извршната власт, судската власт што независна таа е на страна и да се воздржиме да даваме квалификации било какви.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Одговорите беа како да имаме шведски правен систем и стојам на тоа, меѓутоа, фактичката состојба кога ние како Македонија имаме правен систем со повеќе аномалии јас мислам дека одговорите не одговараат на вистината.

Прво, јас не прашав во врска со толкувањето на одредбите на Уставот, туку како Владата го операционализира тој поим, односно органите на локална самоуправа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие треба да кажете дали сте задоволни од одговорот.

**МЕРСИМ ЛИЉАЛИ:**

Одговор немаше. Во врска со Министерството за финансии , тоа е точно дека овој Парламент донесе закон, а јас прашав конкретно врз кој основ предлогот на Владата беше.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За последново морам да ви кажам се водеше претрес овде со цела постапка за донесување на закон и тогаш можеше се да се разјасни. Друга работа е дали нешто за по еден пратеник е прифатлива или не.

**МИЛЧО ТРАЈКОВ:**

Г-дине претседателе, имам три прашања, едното е до Републичката заедница за патишта и до Министерството за урбанизам.

Републичката заедница за патишта согласно член 21 од Законот за патишта донесе одлука број 4/54 на 7.12.1982 година која е објавена во Службен весник број 12/82 година за утврдување на регионални патишта во Република Македонија. Во таа Одлука за регионален пат во точка 2 под број 804 прогласен е патот Струмица-Раброво -Дојран до граница со Грција со крак за с. Вељовци, а подоцна со Одлука број 023 од 3.10.1994 година донесена е Одлука од страна на Владата на РМ по точка број 1 за регионални патишта под број 604 прогласен е патниот правец Струмица - Раброво, Дојран, граница до Република Грција. Изоставен е кракот за с. Вељовци. Се прашувам од кои причини е изоставен, дали не е некоја техничка грешка. Значи ова прашање е до Републичката СИЗ за патишта и Министерството за урбанизам. Второ прашање исто така до Републичката сиз за патишта и Министерството за урбанизам. Градбата на магистралниот пат Штип -Радовиш, Струмица во моментот се одвива како реконструкција. Имајќи ја предвид начинот на градбата сегашна и ефектите од ваквото градење дали Министерството за урбанизам и Републичкиот СИЗ за патишта размислуваат ова градба да не оди како реконструкција, туку да оди по нова траса.

Трето прашање во однос на откупната политика за тутунот. Постои разлика во однос на понудената цена од страна на Владата и од реколтата на тутунот во 1994 година, и од страна на цената понудена од откупните организации. Дали оваа разлика е премостена во договорите помеѓу откупните организации и Владата.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Прво, мислам дека прашањето е погрешно упатено до Министерството за урбанизам, затоа што со оваа Влада делот на сообраќај помина во друга надлежност, во надлежност на Министерството за сообраќај и врски. Мислам дека таму треба да биде

упатено, но јас би се обидел да одговорам и на двете прашања.

Во однос на првото прашање дали е изоставен кракот на патот кој го напоменвте, мислам дека не е изоставен, тоа е намерно направено така, затоа што со политиката на прешемирање на мрежата сообраќајна во Македонија се водела некоја политика и тоа е направено бидејќи не станува збор за грешка. Што се однесува до второто прашање СИЗ-от за патишта предлага предлог до Собранието која патна мрежа како ќе се финансира и под кои услови ќе се финансира, Со Програмата за 1995 година најверојатно кога ќе расправа ова Собрание ќе бидат предложени мерки, а таму во донесувањето на таа програма ќе можете да дадете свои сугестии и свои мислења поточно за патните правци кои се наведени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е тука и министерот за земјоделство, а веројатно ќе ви одговори писмено.

**ГОРГИ АТАНАСОВ:**

Јас би поставил две прашања и тоа првото до министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, со оглед на тоа што не е тука, барам писмено да ми се одговори, а се однесува за статусот на водостопанското претпријатие. Имено, Законот за водите од практиката предизвикува доста проблеми бидејќи водостопанските претпријатија немаат дефиниран статус, сами за утврдуваат цените на водата, сами ја утврдуваат цената на песокта и притоа се создава голем револт кај водокорисниците и во смисла на тоа прашањето гласи: дали ќе се донесе нов Закон за води, кога овој Закон ќе се пушти во процедура и бидејќи сум свесен за сите приоритети што ги има ова Собрание го поставувам прашањето до ова Министерство дали на Министерството за водостопанство му се познати сите овие анахронизми кои што ги

III/7.-

произведува овој Закон за води и дали постојат некои мерки истите да бидат надминати, бидејќи со мали интервенции мислам дека тоа ќе биде поцелисходно, отколку тоа исто Министерство да црта проекти кои што и така седат во фиоките.

Второто прашање на кое што исто така сакам писмено да ми се одговори е до Министерството за земјоделство и шумарство и водостопанство, како и до Министерството за урбанизам, градежништво и заштита на човековата околина а гласи: кои мерки овие две министерства досега ги имаат преземено за заштита на Дојранското Езеро.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, писмени одговори да подготват надлежните.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, Јас како делегатски прашања има на поставам две. Првото прашање е кога Законот за задругарство ќе се донесе. Од страна на Извршниот одбор на задружниот сојуз на РМ на состанокот одржан на 22.12.1994 година задолжен сум како пратеничко прашање да го поставам на Парламентот за иднината на земјоделските задруги на РМ, имајќи предвид дека од 350 задруги кои што постоеа веќе 150 задруги се под стечај, а за два-три месеца и другите ќе се најдат во иста состојба, а сите знаеме дека земјоделските задруги што претставуваат за селото кое што е основен крвоток за развој и за сите други потреби кои што на селското население му се потребни Само како илустрација ќе спомнам дека задругите располагаат со огромни капацитети и тоа само како пример ќе наведам некаде со околу 43 илјади овци, три илјади молзни крави, три илјади грла свињи, 300 илјади живина, некаде 10 до 15 фабрики, вработени околу 8 илјади и организирана земјоделска површина на 50 илјади хектари. Тоа е првото прашање.

Имајќи предвид дека задругите и во бивша Југославија што преставувале задругите, мислам дека на ова басање треба и те како да му се обрне внимание.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето го чувме и образложението. Сега имате ли други прашања.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Второто прашање се однесува во однос на конверзијата на обртните средства за трајни обртни средства во однос на примарната емисија. Со оглед на тоа дека на Собранието поранешно на 68-та седница беше донесено да се расправа по однос на конверзијата меѓутоа, со оглед на тоа што таа седница не се одржа, мислење имаше Владата меѓутоа до денеска мислам дека оваа конверзија не е извршена. Поставувам прашање, дали Владата оваа конверзија ќе ја спроведе и кога и како се мисли. И трето прашање, во смисла на каматата која што се плаќа од страна на земјоделските днаочари, всушност по решенија кои што ги добиваат на прим. за прво-второ или трето тромесечие, доколку навреме не се плати данокот се пресметува дневна камата од 2%. Мислам дека имајќи ја предвид инфлацијата која што е дали и понатаму овој данок ќе се плаќа или нема да се плака или со некоја друга измена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, првото прашање писмено ќе се одговори, бидејќи не е тука министерот. Второто прашање на кој министер се однесува.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Тешко е да се идентификува на кој министер се однесува, бидејќи ова е околу конверзијата на пласманите што беа направени примарната

емисија од Народната банка, дури е прашање каде што е поповикана самата Народна банка, отколку било кој ресор во рамките на Владата за ова предлагам да имаме целовит одговор на ова прашање и писмено да го известиме за наредната седница.

**СТОЈАН АНДОВ:**

И за третото министерот за финансии не е тука и за тоа писмено ќе одговорат.

IV/1/ПЈ/ л ј

**ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и почитувани претставници на Владата. Јас би имал само едно единствено прашање, се однесува до Министерството за развој, тоа е прашање во врска со проектот Патишка река, кој проект постои веќе 10-тина години наназад и со кој проект треба да се реши водоснабдувањето на околу 30-тина села и населби во општина Кисела Вода. Практично, да се реши прашањето на луѓето кои досега и немаат никаква вода за пиење.

Информации незванични постојат дека претставници на Владата имаат вршено преговори со Јапонската Влада, па во таа смисла моето прашање би било кога ќе се пристапи кон реализација на овој проект кој е од животно прашање кој е од овој дел на градот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Министерството за развој сега ќе одговори или напис- мено ќе одговара.

Еве,предлага написмено да ви одговорат

Дали некој друг бара збор?

господин Паунов.

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници, јас имам пет прашања да поставам, па образложението нема да го давам поконкретно образложението да го скратам времето.

До Владата на Република Македонија.

Во последно време повеќе има поплаки и жалби на граѓаните и се исклучувани од струја и вода. А исклучувањето доаѓа поради ниските пензии и што доцнат пензиите и поради земјоделците што фати суша и со откупот што е извршен, не се ни исплатени средствата и не може да ги платат, па се исклучени.

По кој закон, кој наредува и кој може да ги исклучи за вода и струја. Тоа е првото прашање.

Второто прашање е наплата на такса за приклучок на струја на куќа, станбена зграда или стопански објект. Кога претходно сите комуналии се платени, а повторно само за приклучокот што треба може би 5, 10 или 15 метра од бандерата до куќата да приклучат земаат огромна такса. Колкава е таа во вредност на 20 илјади марки, 25 илјади марки во вредност на 1000 марки итн.

По кој закон од овие се наплатуваат средства, по која програма и каде се употребени таквите средства, што граѓаните не можат да се приклучат , она мало стопанство, односно стопанството веќе да бидат приклучени за вработување на работници итн., да не должам. Тоа е второто прашање.

Третото прашање е што станува со откупот на тутунот. Од кои средства, каде, како и што може да се стори на граѓаните. Заради тоа и тие плаќаат такси и плаќаат камата на средствата што откупот сеуште не е како треба. Воедно исто така и оризовата арпа. Што станува со неа. Дали ќе има откуп, дали ќе може да се откупи, заради тоа што граѓаните се осиромашија, иако сушата фати да нема доволно производство, меѓутоа и тоа што го има не може да се пласира и нема кој да го откупи и преработи, а капацитетите стојат неоткупени. Кога сум веќе тука, се работи и за кога ќе се платат премиите што Владата на Република Македонија донела за сончогледот, и пченицата и кога ќе им се плати цената на овие производи, премијата и цената кога би им се платила, заради тоа што граѓаните веќе негодуваат. Тоа е третото прашање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Седум прашања тука беа содржани, не е едно.

IV/3.-

**ТЕОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Кога ќе им се вратат, иако имаме гаранција за девизните штредни влогови на граѓаните, но сепак кога ќе им се вратат на граѓаните девизните штедни влогови. Тука прашањето го поставувам и дополнувам. На граѓаните им се пресметува камата 23% колку изнесува, банка- та им пресметува, на каматата данок се пресметува. Дали на девизните средства 4, 5 колку е договорено на тој износ се претвора во денари и се пресметува данок на граѓаните. Прашањето ми е кога се исплатуваат средствата, кога се примаат, се плаќа данок, да кажеме на платата. Се примаат средствата, се плаќа данок. Не примени средства не се примаат средствата, меѓутоа, се плаќа од неговата штедна девизна книшка се плаќа данок. Така граѓанинот е оштетен, заради тоа што не стојат тие средства на девизната сметка и кога ќе ги примат средствата дали во девизи или во денари и тогаш треба да настане плаќањето. Тоа е прашањето.

Понатаму, како и со кој пропис е решено од тековните сметки на граѓаните кои имаат плата ја земаат преку тековна сметка, банката исплатува по еден чек само илјада и 200 денара, зарем не може повеќе, зошто по еден чек само толку пари. Граѓанинот неколку пати треба да се враќа за само 1200 денари, дали е тоа одлука и чија е таа одлука и дали е скратено правото на граѓанинот. Да не должам, се поднесува чекот и само се исплатува до 1200 денари, иако може би плата има 15 илјади, треба 7 или 8 чека да поднесе и да биде исплатен.

И последното прашање знам дека е тешко, кога на пензионерите ќе им се исплатат две заостанати пензии, заради тоа што има некои пензионери кои се со многу ниски лични пензии и не би можеле да ги платат комуналните работи, греење и друго, така што овие две заостанати пензии, пензионерите дали воопшто ќе можат да ги добијат и кога би ги добиле. Јас се сложувам со тоа дека имаме тешкотии, меѓутоа, ако треба нека се намалат и платите на пратениците, нека се дадат на

пензионерите, на оние кои имаат изричито ниски пензии.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, писмено ќе одговорите. Ова е за писмен одговор. Ова добро да го подготвите.

**ДИМЧЕ НАСТОСКИ:**

Кратко само три прашања . Првото е која е судбината, понатамошната судбина на општинските собранија до претседателот на Владата, што се планира после престанувањето на нивниот мандат.

Второто прашање е кои се причините за големите ампликуди односно разликите во дотокот на Студенчица во периодот од последните 20 дена каде што дотокот се движеше од 120 до 2000 литри во секунда.

Третото прашање е што презема Владата и одделните министерства за да си ги заштитат своите вработени во подрачните единици од самоволието на определени општински раководители, што во прилог до претседателот на Владата ќе поднесам и констатации потпишани од подрчните раководители на подрачните единици во Прилеп, што и какви малтретирања и шиканирања префрлуваат (му го дава прилогот на претседателот на Владата Бранко Црвенковски).

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за правда не е тука, писмено ќе одговори се надевам. Нека се подготват одговори спрема надлежноста на министрите.

Господин Стојановски.

Добро дали може да се одговори сега за водата. Се знае за вода кој е надлежен. Ние во минатиот мандат не утврдивме. Сега може да се знае. Тоа е за водата од Студенчица. Не утврдивме, инаку за вода се знае кој е.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Ова прашање мислам дека во Министерството веќе поодамна се расправа и се разгледува, поточно деновиве правиме и завршна информација во однос на наиздашноста на изворот во последните два

IV/5.-

месеци. Распределбата за вода по општини во овие два критични месеци и после првичните сознанија, некои надлежни министерства треба да спроведат процедура на преиспитување на одделни елементи кои што се во самата информација. Многу брзо таа информација ќе ја извадиме во јавноста како сумарна, како завршна и таму ќе ги објавиме сите резултати кои беа во самото прашање поставени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ете видете дека многу министерства таму се надлежни.

Господин Стојановски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа, господине претседателе на македонската влада и членови на Владата.

Прво, едно процедурално прашање, сметам денес треба да ни биде последен пат да доцниме два саати на почетокот на седницата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа нема врска со прашањето Вие само поставувајте прашања, Вашите процедурални интервенции друг пат, ќе најдете кога. Сега прашањата. Поуки друг пат.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

На петтата седница на ова Собрание одржана на 7.12.1994 година актуелизирав два проблеми, бидејќи во тој момент Владата беше во фаза на конституирање, претставникот на Владата во тој момент г-динот Рирсто Иванов даде образложение дека потребно е време што и го прифативме тука и влезе во заклучоците на таа седница за проблемот на иницијативата за отворање на албанскиот универзитет во Тетово да се дискутира на една од наредните седници,откако, Владата се разбира, ќе се подготви за такво нешто. За жал, предвидувањата дека ова прашање ќе стане политичко прашање број 1 моментно во државата..

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам, што вие сега прашувате.

IV/6.-

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Јас прашувам зошто Владата досега не ни одговори или не го постави ова прашање на дневен ред на ова Собрание, како што е во заклучокот од таа седница. На истата седница го поставив прашањето за правата вистина за настаните во дискотеките Хард рок и Парк. Тоа се обврски кои досега не се извршени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Вие имате прашање и по второто прашање. Дали е тоа прашање до министерот Фрчковски.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Затоа што овие прашања се одамна поставени и нема причина за одолговлечување или се разбира ако Владата има свои оправдувања за одолговлечување, ќе ги прифатам.

Прашање до Министерството за образование, зошто и понатаму се дозволува незаконско водење на педагошката евиденција во основните и средните училишта, конкретно прашање.

Понатаму, зошто Министерството за правда се поставува над Уставниот суд на Република Македонија да дава свои толкувања кои што од министри, членови на Уставниот суд се наречени како политички објаснувања.

Седмо прашање правата вистина за подолгиот престој, отколку што е тоа нормално на странски лица, за жал, членови на илегална Влада на Косово во нашава Република, што е многу експлоатирано и во државата и во поширокиот регион.

Прашање до Министерството во развој и стопанство, со интензивирање на приватизацијата станува се поактуелно прашањето на поранешната сопственост и сметам дека треба да се направат напори што побргу, не по итна постапка, конкретен сум, што побргу законот за денационализација да се стави во процедура за да се избегнато

опасности од можни конфликти.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашање е кога ќе се стави законот и дали ќе се стави законот во процедура.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Не дека тој закон е во некаква процедура, г-дине претседателе, колку сме информирани во поранешниот состав и мислиме да се забрза , со оглед на актуелноста.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не е во процедура, додека новата Влада не ни каже дека е во процедура. Тоа е нејзин закон, не е наш. Не е на некој пратеник законот.

**ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ:**

Само уште едно прашање исто така поврзано со стопанството, дали Министерството за стопанство мисли да преземе ефикасни мерки за спречување на сивата, јас би рекол веќе која што преминува во црна економија за да можеме да ги ставиме во рамноправни односи сите видови на трговија и промет. Имено, само за објаснување зелените пазаришта се претворија во колонијални продавници и сметам дека можеме слободно другите продавници да ги затвориме.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само една напомена, да нема забуна кај Владата. Не се поставувани прашања до Владата, па Владата не одговорила, па сега треба да одговори. тоа беа изречени прашања во едно излагање на пратеникот по некои други прашања. По утврдување на дневен ред или по нешто друго. Така што да не стои да биле прашања, па да не се одговорило, па сега да се одговори. Тие како прашање на пратеник сега се поставени.

Повелете кој како ќе одговарате.

IV/8.-

Господин Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Јас мислам дека претседателот на Парламентот се обиде една работа да ја разјасни и може би е добро сега веднаш на почетокот на мандатот на овој нов парламент и на оваа нова Влада. А тоа е што во ситуации кога некој од пратениците по повод утврдување на дневен ред или на пример на нешто друго ќе побара некаква информација од Владата во врска со некое прашање.

Мислам дека тоа беше пракса во текот на претходната работам, на претходниот парламент, која за жал по мое мислење има доста малку заедничко со новата уставна поставеност и на законодавната и на извршна власт. Многу често пати расправите по некои точки при дневните редови се утврдува на тој начин што собранието и даваше на Владата домашна задача. На пример, Собранието заклучи Владата да изготви информација или да го направи следното, па дури имавме и такви ситуации, Собранието заклучи Владата да го спроведува законот, што е вака помалку смешен заклучок, меѓутоа, тоа е основна надлежност и обврска на Владата според Уставот да ги спроведува законите итн.

Оттука, сакам да ја искористам оваа прилика, може би да воспоставиме една пракса за натамошниот период , а тоа е слендото. Тогаш кога поодделни прашања Владата ќе оцени дека е потребно да биде информиран парламентот за да како резултат на таа расправа во Парламентот произлезе некоја, на пример, закон или измена на закон, посебна одлука итн., Владата тоа ќе го прави. Во конкретниот случај, на пр. се постави прашањето со иницијативата за формирање Универзитет во Тетово. По мислење на Владата јасен е и Уставот и законската регулатива. владата преку своите министерства постапува во согласност со таа законска регулатива и со Уставот. Не мисли дека е потребно било кој закон или устав да се менува, па за да иницираме расправа или

информираме, па од тоа да произлезе соодветен акт на парламентот. Оттука И не оставивме во меѓувреме некоја информација, а инаку точка може да влезе не на предлог на Владата, може да предлог ан пратеник, пратеник да даде информација, Комисија да се задолжи итн. Меѓутоа, по наше мислење во делокругот на работа на Владата, регулативата е јасна и од аспект на Уставот и од аспект на законските решенија и ние се што ни е нужно и потребно да делуваме јасно и прецизно како Влада го имаме.

V /1.-ЛП/ОМ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да се дообјасни, кога овде учествуваат во расправата разни пратеници, тие си поставуваат прашања и барања. Тоа може да биде предмет на разгледување на Владата, ако Владата оцени. Може барањето за некој информација Владата да го задоволи и да го информира пратеникот, ако оцени. Може и по други прашања и треба, за Владата е потребно и за Парламентот, Владата да ги информира пратениците, но не врз основа на барања искажани, тоа не е обврска врз основ ана барања искажани во расправата, бидејќи сега ние имаме и такви чудни расправи пред една недела донесовме Закон и зошто во Законот е такво решението, а ние го донесовме овде, сега Владата треба да не информира. Со тоа може само збрки да правиме и кај Владата и кај нас. Тоа е што се однесува до информациите . Меѓусебната информираност, посебно информираноста на пратениците е интерес на Владата и таа тоа најчесто го прави. Но, ние не можеме и кога Владата дава информации да ги ставаме на дневен ред и да расправаме по информациите. Нема никаква основ аи потреба за тоа. Човек добива информација да се информира, што има да расправа за тоа. Се расправа, не за акти , освен за Закон, одлука и се друго, само ва два случаи: ако по некое конкретно пратеничко прашање, по некое интересно крупно, актуелно силно прашање,ако оној кој го поставил прашањето не е задоволен од одговорот и ако тој побара расправа по тоа прашање, па за тоа одлучи Собранието да рас- права, тогаш Владата е должна да обезбеди основна документација за да се води расправа. Во тој случај, и во друг случај, ако компетентен број пратеници покренат прашање за интерпелација на Владата или за некои министри и насочат по кое прашање ја покренуваат таа интерпелација,  Владата во свој интерес и

во интерес на Парламентот е должна да ги даде сите информации, за да може да се обави таа расправа. само тогаш се води расправа и нема никаква основа во новиот систем за информациите што ни ги дава Владата да бидеме информирани да бараме да влезат овде во дневниот ред и Собранието да расправа , бидејќи надлежноста е поделена, се знае што работи Владата, а што работи Собранието.

Да одиме понатаму.

Има збор г-динот Ристо Иванов, министер за стопанство.

**РИСТО ИВАНОВ:**

Јас би побарал за последното прашање што беше поставено ако може писмено да се одговори, за тоа што она што е направено сакам да се информираат што се презема и пошироко, бидејќи сите надлежности не се само во Министерството за стопанство, да биде писмено даден одговорот.

Има збор г-динот Љубомир Фрчковски, министер за внатрешни работи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во прашањата што беа поставени од г-динот пратеник некои се однесуваа за случаите на дискотеките "Хардрок" и "Парк - Силекс" како и за престојот на странците. Во оној дел во кој Министерството за внатрешни работи има законски овластувања, во случајот на "Хардрок", како што знаете, беа преземени 24 часа после тоа мерки на откривање на сторителите. Против нив тие мерки беа задолжени како се откриваше целата група, со исклучок на двајца кои по наше мислење се во бегство надвор од државата. Против тие лица е покрената кривична пријава и тие се предадени на суд.

Вториот дел од прашањето - што се случува со судската постапка за нив, ќе го упатите односно можеме заедно да го упатиме или Вие ќе го упатите преку јавноста на тој дел од власта односно судската власт. Ние на тоа не можеме да влијаеме. Јас мислам исто така, тоа е моето лично мислеше, дека тоа треба да биде ефикасно и брзо, но тоа е исто како и вашето.

Во вториот случај, случајот на дискотеката "Парк-Силекс", исто така неколку министерства во таа ситуација преземаа паралелни мерки околу сите дозволи , кои би требале тие објекти да ги имаат. Како што знаете, се направија и конкретни истражувања за тој трагичен навистина настан. Мерките уследија, краткорочни после тој настан, меѓутоа, Владата зема за обврска како што знаете со заклучок да направи една поопсежна контрола за законските услови под кои работи ваквиот вид објекти и еден поширок круг на објекти. Тоа сега е завршено, колку што јас знам и можеби веќе наредната недела Владата ќе излезе со еден предлог на мерки што нејзините органи, посебно инспекциите треба да преземат согласно законот, во врска со условите во кои ваквите објекти функционираат. Тоа е што можам да кажам за вториот случај, повторно само во еден дел на надлежност на Министерството.

Престојот на странците , како што знаете, тој може да биде фактички односно илегален и легален во Република Македонија. Престојот на странците кои се фатени при илегален престој завршува во тој момент кога се фатени, тие се депортираат, а престојот на странците кои имале легален престој, во смисла на привремени или трајни дозволи за престој зависи од проценката на Министерството за внатрешни работи односно со еден збор државата за интерес од продолжување на тој престој. Прекинот на тој престој исто така зависи од проценката на државните органи за продолжување, во овој случај велам за

прекинување на престојот. Оттаму во сите конкретни случаи, случаите припаѓаат на овие две групи: илегалните странци во моментот на фаќањето се депортираат во една процедура која трае помалку од неколку часа, практично неколку часа, значи помалку од еден ден, а во другиот случај со издавање на посебен акт за престанок на дозволата, исто така се дава рок во кој тие се депортираат. Тоа се причините и во сите конкретни случаи се водени од тие причини.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-ѓа Емилија Симовска, министер за образование.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Во врска со прашањето за тоа зошто не е поведена постапка во врска со нерегуларното водење на евиденција, не е вистина дека не е започната никаква постапка. Постапките се во тек и инспекциските служби се секој ден на терен, можете во секое време да добиете комплетна листа на субјекти и училишта кои се казнети по овој основ. Ако имате било какво сознание дека некаде е направен пропуст, би Ве замолила, обратете се до Министерството за образование и известете ја соодветната инспекциска служба во подрачната единица. Но постапка се води. Друго би можела писмено да одговорам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ.**

Последното прашање беше за министерката за образование, не беше зошто не се води постапка. Тоа беше многу јасно. Практично, не се

почитува Законот. Очигледно дека казните не се ефикасни и за ваша информација ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, видете, нема информации, не расправаме за тоа прашање ние.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Така ми беше мене поставено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не, не, Вие можете да кажете дали сте задоволни од одговорот или не и дали имате дополнително прашање. Или пак предложите да водиме расправа, Собранието за тоа ќе одлучи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас не сум задоволен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали имате дополнителни прашања.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Имам за другите прашања. Г-дине претседателе, треба да имаме повеќе чувство за она што се случува околу нас. Ние претставуваме граѓани избирачи, не сме ние тука само за себе, па зато мора да имаме чувство на одговорност и слух што значат одредени прашања, што значи кога ќе се измешаат одредени компетенции, а ние тука формално да чекаме практично Универзитетот да заживее па потоа да рушиме нешто.

V/6.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас пак велам, ние овде расправаме само за тоа што е на дневен ред и кога ќе си дојде на дневен ред за сето тоа ќе се расправа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:** (Од место)

Тогаш ќе биде доцна.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Можете да покренете прашање на одговорност. Тоа се прави со интерпелација г-дине Стојановски, ама не може со прашања да го решиме тоа, ако така оценувате.

Одиме понатаму.

Има збор г-динот Османи Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, јас имам повеќе прашања кои се кратки и јасни.

Имено, врз основа на кои основ Министерството за внатрешни работи ги повикува на информативни разговори младите албански студен- ти регистрирани во Универзитетот во Тетово.

Зошто Министерството за Финансии не го применува автентичното толкување на Собранието на Република Македонија во однос на член 18 од Законот за данок на промет, односно зошто по истото автентично толкување ги ослободи од плаќање данок на промет, 10% за услуги, само адвокатите, додека другите пак ги задолжи.

Понатаму, која е националната структура на вработените кај корисниците на Буџетот: а) функционери и б) работници.

Понатаму, од средствата издвоени за култура искажани во Завршна сметка за 1993 година од Буџетот на Република Македонија во износ од 223.586,000 илјади, дали е финансиран некој проект од националностите и ако е, во кој обем и кој е тој проект.

Понатаму, врз база на тие критериуми некој се гони за верска и национална омраза за изречените мислења во јавни настапи во предизборната трка, додека пак - барам од истото Министерство - да посочи барем еден пример во кој се гони некој македонец од македонските партии за изречените квалификации во текот на истата изборна трка.

колкави се вкупните трошоци за двата универзитети во Република Македонија, посебно за Скопје и посебно за Битола.

Зошто при последното вработување на 70 лица во републичкиот завод аз статистика не е вработен ниту еден албанец, иако постои законска обврска во Законот за попис на население и граѓани.

Која е структурата на приходниот дел на Буџетот за 1993 и 1994 година по основ на приватен сектор , општествен сектор и второ по општини во република Македонија.

Дали издвоените средства во износ од 135 милиони денари за трошоците за избори во Буџетот од 1994 година се издвоени во согласност со Законот за избори.

Последното прашање е каде е основот за пресметување и наплата на 3% данок за поранешната ЈНА во сметките од електрична енергија кои и ден денес ги добиваме.

Барам да ми се одговори писмено на овие прашања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Стефановски Благоја

**СТЕФАНОВСКИ БЛАГОЈА:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,имам неколку прашања до министерот за култура, г-динот Ештреф Алиу.

Бидејќи во Буџетот на средствата во Министерството за култура не е вградена поставка за осигурување, прашувам како одговорните лица на институциите кои се задолжени по Закон и одговараат кривично доколку нешто се случи, а објектите со кои располагаме не се осигурени, како ќе бидат ослободени од одговорноста. При првите разговори тука кога се донесуваше Буџетот ни беше речено дека е вградено, а од ресорното Министерство немаше никој тука кој требаше да дадат образложение.

Исто така, ставка за греење не е вградена и за жал единствено во сите буџетски ставки само греењето како ставка не е одвоено во ова Министерство по кои критериуми и како и зошто на пример ако се доделуваат како помош мазут, нафтени деривати, зошто тоа не се прави ако веќе не е вградено во институциите на културата.

Трето, Владата со своја одлука основа Национална комисија за Унеско. Секретаријатот на оваа Комисија согласно член 8 став 2 од одлуката делува во рамките на Министерството за култура. Потребни средства за оваа намена за 1995 година се 5 милиони денари. Дали овие средства кои не се предвидени ќе дојдат со некои други ставки од културата ќе се прелеат и ќе се одразат врз работата на дејностите од областа на културата.

Уште една Владина одлука за проектот за филмска документација, Владата го има прифатено, ја има прифатено и пресметката. Таа е околу 3 милиони денари, исто не е вградена, а знаете што значи тоа, ако веќе е донесена таква одлука од страна на Владата.

И уште еден закон за задолжителен примерок требаше во Министерството за култура да се внесе некоја позиција во висина од 1,5 милиони денари или поточно за овие три ставки, надвор од осигурувањето и од греењето, е некаде околу 9,5 милиони денари или една ставка која чини колку едногодишно чинење на "Охридското лето". Од каде тие средства , ако тие ставки ги нема во овој момент. Сигурно, тоа значи мора да се бараат во она што се финансира во културата.

Јас исто така оптимистички ја примив бројката од 2% учество на културата во вкупните средства на Буџетот, меѓутоа, доколку Буџетот е рестриктивен и спрема институциите на културата, односно доколку се финансираат оние дејности кои се од интерес на државата, а оние други кои во други држави кои имаат и помала ставка се при локалната самоуправа или по некои друг регионален или по пат на приватни меценства или спонзори.

Ете, тоа се неколку прашања до министерот за култура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-динот министер ќе одговори писмено.

Има збор г-динот Зоре Темелковски.

**ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и госпдоа, го молам претставникот на Владата или не можам да го лоцирам правиот

министер кој би можел да даде одговор на моето пратеничко прашање. Имено, да ми даде одговор што има преземено и што ќе преземе во однос на вознемирувањето на граѓаните и нарушувањето на јавниот ред и мир со прегласното емитување на верски содржини од страна на верски објекти,  џамии, преку разни технички помагала во Република Македонија.

Второ, дали постои закон и законска регулатива со која се определува времето во кое може да се пуштаат овие верски обреди. Ако не постои, покренувам иницијатива за изготвување на ваква законска регулатива.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашањето не беше лоцирано, па видете кој е надлежен да одговори. (Претседателот се обраќа на претставниците на Владата).

Ќе се одговори во писмена форма.

Има збор г-динот Мирко Лазарески.

**МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе на Парламентот, почитуван претседател на Владата, почитувани министри, дами и госпдоа пратеници, јас имам три кратки прашања и тие прашања се практични.

Едното прашање е до министерот аз здравство. Имено, како ќе се регулира натамошниот начин на прегледување и лекување на граѓаните по укинувањето на зелените картички, кои беа доказ дека осигуреникот платил придонес односно работната организација или приватната фирма, како и земјоделците, бидејќи настанаа конфузии во оваа област, голема потрошувачка на лекарства и други аномалии.

V/11.-

Второто прашање е до министерот за финансии: Зошто не се исплаќаат обезбедените со буџет средства на политичките партии и независните пратеници.

Третото прашање е до министерот аз образование, до г-ѓата министерка. дали е практично отворен и веќе работи Универзитетот на албански јазик во Тетово и кој е неговиот финансиер.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за здравство, Илија Филипче.

**ИЛИЈА ФИЛИПЧЕ:**

Почитуван колега Лазаревски, вие знаете дека Уставниот суд донесе Одлука со која ги поништи како противуставни зелените картони. Наоѓајќи се во еден правен вакум и во еден цајкнот, Министерството за здравство овие денови го промени својот Правилник со кој оверувањето на здравствените легитимации ќе биде валиден документ преку кој ќе се наплаќаат здравствените услуги.

Јас од оваа говорница слободно можам да кажам дека ниту еден граѓанин не смее да биде вратен од здравствената организација.

**ЕМИЛИЈА СИМОВСКА:**

Јас го користам овој повод за да не дојде во наредните прилики до мешање на соодветни ресори.

Во листата на Министерството за образование и физичка култура таква институција не е евидентирана. Ова министерство не може да даде никаква информација од каде е финансирана институција која од државата е прогласена за нелегална.

Во иднина би ве замолила пратеничките прашања кои се врзани за нелегалните институции да не ги упатувате до ресорните министерства кои се занимаваат со легалните институции. За тоа постои друг орган.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Насер Зибери.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Почитувани дами и господа,

Јас имам две прашања, но ресорните министри не ги гледам па до колку премиерот нема доволно информации, може и писмено да ми се одговори.

Прво, во март 1992 година од страна на шест месни заедници од Општина Карпош беше поднесено барање до подрачната единица на Министерството за земјоделие за давање на согласност за приклучување во водоводниот систем "Рашче". Се работи за села од каде впрочем е и изворот "Рашче", а тие села се исклучени од тоа. Понатаму, работата се одвиваше и стигна до премиерот, но конкретно позитивно решение во таа смисла нема.

Моето прашање е зошто не им се овозможи на овие села да се приклучат на водоводниот систем "Рашче".

Второто прашање е следното. Вчера и завчера почна и заврши расправата по жалбите на десет осудени лица во аферата "Паравојска". Соодветниот тогашен министер и министерот за внатрешни работи преку медиумите изјавија дека процесот ќе биде јавен и ќе им се овозможи на заинтересираните лица процесот да го следат.

По барање на господинот Митхат Емини јас бев замолен да го следам процесот, односно постапката во Окружниот суд. Не ми беше овозможено да го следам процесот под образложение дека немате посебна дозвола.

Моето прашање е: Од кого таква дозвола треба да се бара кога веќе има став дека процесот ќе биде јавен и зошто не ми е овозможено слободно да го следам процесот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве бидејќи господинот Зибери бара писмен одговор, ќе му биде одговорено на тој начин.

Има збор господинот Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници.

Сакам да поставам две прашања до Владата и не барам усмен одговор сега, туку барам писмен одговор.

Се работи за село Мгленци кое се наоѓа на планината Козјак над Прохор Пчински кое со распаѓањето на поранешна Југославија единствена патна врска има од селото до Прохор Пчински.

Покрај другите проблеми што ги имаат граѓаните на Македонија од село Мгленци, посебно се истакнува проблемот со донесување на производи од ова село на пазар во Македонија, поточно во Куманово, посебно млечните производи. Тоа бидејќи на преминот во Пелинце нашите органи, сега засега ги има органите на МВР не дозволуваат внесување на млечни производи од СР Југославија, па под тој исти аршин се ставени и граѓаните од село Мгленци.

Прашање е што може да се направи на преминот Пелинце граѓаните од село Мгленце, граѓани на Република Македонија да можат своите производи да ги донесат на пазарот во Македонија.

Второ прашање, исто така врзано за ова село е следното: Дали може да се преиспита било каква можност, а тоа го бараат граѓаните од село Мгленце ова село во 19 95 година пробие пат од село Малотино до село Мгленце низ територија на Македонија за да ги нема овие проблеми што ги има сега, бидејќи поминува преку СР Југославија да дојде во Македонија.

Барам писмен одговор од Владата.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници,

Моето прашање се однесува до Министерството за внатрешни работи.

Знаејќи дека во последно време еден голем број на Албанци во Република Македонија беа повикани на информативен разговор од

Службата за државна безбедност и се задржани неколку часови во полициските простории. Акцијата беше спроведена токму после донесувањето на одлуката.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кое ви е прашањето?

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Акцијата беше спроведена токму по донесување на одлуката од страна на Владата за спречување работата на универзитетот во Тетово.

Прашањето до Министерството за внатрешни работи гласи:

Ваквото однесување на полицијата кон еден дел на своите граѓани дали е во согласност со уставните определби, бидејќи на 17 декември еден голем број на граѓани од Република Македонија, Албанци беа спречени да ги извршуваат своите приватни работи во сите општини на Западна Македонија а исто така и во Куманово. Ме интересира кои се мотивите за едно вакво однесување на полицијата спрема Албанците, бидејќи во тој ден, според мојата констатација преовладуваше една вонредна ситуација, дури и лицата со имунитет беа спречени, што по мое мислење е направен еден атак врз дигнитетот и моралот на избирачите. Ме интересира ваквото однесување на полицијата дали придонесува за стабилност на земјата. Ако е така, кои се тие мотиви за создавање на една ваква клима во Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата сака да одговори сега на поставеното прашање

Прашање е дали во согласност со Уставот се извршува функцијата на еден орган.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во овој дел не знам дали ќе го задоволам пратеникот со одговорот на прашањето, меѓутоа неколку пати веќе за тоа е одговарано. Имено, во делот на тие активности што тука беа наведени, Министерството настапуваше во рамките на законските овластувања и во рамките на одлуката на Владата.

Како што знаете, а ви тоа ќе го наведете ако е спротивно, беа избегнати инциденти, дури и случајно индивидуални инциденти имаше минимални, практично не постоеја. За една таква манифестација тие преземени работи беа придонес за стабилноста и одвивањето на самиот настан кој, како што знаете се одви и не беше спречен, а беа спречени оние делови од настанот кој се окарактеризираа како илегални, а тоа е официјално почнување на таквиот ентитет и таквата институција.

Не го разбирам оној дел од прашањето кога се рече дека Албанците биле спречени да ги вршат своите приватни работи. Тоа не ми е јасно на што се однесува, а ако се појасни можам јас писмено да одговорам.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Констатација на министерот е дека полицијата не ги прекорачила своите законски овластувања.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете вие дали сте задоволни со одговорот.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

До колку е така дека полицијата постапила по уставните одредби, јас поставувам прашање по кој член на Уставот е дозволено после 24 часа да се врши претрес кај поедини семејства во некои општини.

VI/6.-

Второ, околу тоа дека беа блокирани патиштата во Западна Македонија, да кажам дека двата пата кои ги поврзуваат Куманово со Скопје, тој ден целосно беа блокирани. Исто така, јас бев задржан еден час со потпретседателот на Општина Куманово, па дури на крај он беше вратен и приведен во полициската станица, човек кој е функционер и кој ги претставува граѓаните на една од најголемите општини во Република Македонија. Тоа се факти кои се косат со некои норми на Уставот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тој дел писмено ќе ви се одговори. Има збор господинот Здравко Стојковски.

**ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ:**

На подрачјето од каде што сум пратеник особено е присутна појавата на дивоградбите и тоа на малостопански објекти, индивидуални куќи и индивидуално изградени водоводи. Посебно загрижува уништувањето на порано изградени паркови и зеленила и она што е направено. Во рамките на тоа поради обезвластување на комуналните инспектори се поприсутна е оваа проблематика. Секој пат одговор се наоѓа кога ќе се донесе законот. Затоа би прашал до каде е стигнато со законот за локалната управа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

За тоа писмено ќе бидете известени.

Има збор господинот Чадиковски.

**ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници.

Моето прашање се однесува до мојот почитуван министер за култура.

Прашањето гласи - тој единствен театар во Македонија, театар за деца, куклен театар досега за овие пет години не успеа да си го најде својот дом. Тој веќе е на граница на преживување. Јас и официјално вчера кажав дека тој по малку, во наставци умира.

Ме интересира каков е ставот на новиот министер за култура во поглед на театарот и дали воопшто државата е заинтересирана за таков тип на културна дејност.

**ЕШТРЕФ АЛИУ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници.

Одговор што мисли министерот, мислам е непотребен. Моето мислење се потпира врз политиката на Владата на Република Македонија и политиката посебно за развој и за вреднување на културните активности на Министерството на Република Македонија. Поточно почитуваниот пратеник со право е загрижен, но проблемот не лежи во Министерството. Проблемот лежи во начинот на размислување, во филозофијата на размислување на луѓето кои со децении навикнале од некаде да имаат обезбедени средства а кон тој обезбедувач да не градат никаков однос, т.е. да не осеќаат никаква одговорност. Министерството во сегашен состав, јас и моите соработници конкретниот проблем сме го земале во севкупните проблеми на Министерството како доста сериозен. Постојат многу банални но претешко сериозни врски за кои јас како министер почетник сега во тоа министерство не можам да дадам гаранции преку ноќ проблемите да се решат. Но, проблемите ќе почнат да се решаваат бездруго, веројатно од половина на годината па натаму. Јавноста и за овој проблем ќе биде запознаена, заправо Домот на културата "Кочо Рацин" се уште не ја почитува Одлуката на Владата на Република Македонија, а Одлуката на Министерството веројатно за нив е

помалку важна. Ние сме како сегмент бездруго обврзани да ги спроведеме одлуките што ги донесува Владата на Република Македонија, а една таква одлука за делумно решавање на проблемот на театарот е донесена, а од страна на Домот на културата не се почитува. Покрената е и втора иницијатива во постапка, определен е рок до кој треба да одговорат одговорните од Домот на културата. Јас мислам понатаму во сето тоа што е позитивна смисла на толкување на законите и на нивно спроведување ќе следат соодветни активности и тој проблем се очекува да биде симнат од дневен ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Имам прашање до Владата и до Министерството за труд и социјална политика кое мислам дека е надлежно за прашањата.

1. Дали и во кој рок Владата мисли на Парламентот да му по- нуди закон за младински студентски задруги.

VII/1 НН/ЛБ

**НИКОЛА ПОПОВСКИ** (продолжение)

Друго прашање до Владата, а веројатно до Министерството за стопанство е дали и во кој рок Владата мисли да понуди нов закон за коморско организирање, се мисли за стопанските комори.

Трето прашање до Министерството за внатрешни работи и до Министерството на надворешни работи.

Врз основа на кој закон и кои други акти се издаваат дипломатски пасоши, се уредува нивната должина на времетраење и должината на времетраењето на дипломатските визи кои ги издава Министерството за надворешни работи на овие пасоши. Дали Министерството на кои сите поседуваат дипломатски пасош има ист аршин во издавањето во должината на времетраењето на дипломатската виза во дипломатскиот пасош.

Четврто прашање до претседателот на Собранието на РМ.

Врз основа на чија покана партиско пратеничка делегација на Демократската партија на Србија присуствуваше во официјална посета на Собранието на РМ.

Доколку е можно барам усмени одговори, доколку не може писмени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговори некој член од Владата.

Има збор господин Поповски.

Се разбира последното прашање е надвор од пратеничките прашања, кои се упатуваат до Владата и до министрите.

Бидејќи никој член од Владата сега нема да одговори значи писмено ќе му одговорите.

Има збор г-динот Даневски.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе почитувани дами и господа пратеници.

Пратеничко прашање директно до ресорното Министерство за труд и социјална политика.

Поголем број на граѓани реагираат во Македонија дека корисниците на помошта која доаѓа како социјална , по повеќе основи доаѓа до голема злоупотреба во подрачните единици во РМ. Барам од ресорниот министер да изготви една писмена информација за тоа...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е прашањето?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

За злоупотребата на ресорното министерство ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој ?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

За труд и социјална политика

**СТОЈАН АНДОВ:**

Еве го министерот.

**ЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јас кажав. Уште еднаш прашањето, кажано беше. Друго прашање со заедничкиименител до сите министри. мислам дека нонсенс е началниците на подрачните единици да одат во Италија, берат јаболка по три месеци, пасат овци или ред други работи и никој не знае кое му е работното време и кога како работи. Тоа е во однос на работното време за сите подрачни единици.

И она што боди во очи тоа е фактот дека односот и третманот на граѓаните во директниот контакт со подрачните министерства е на едно

ниско ниво бидејќи граѓаните се третирани како компири и си играат пинг понг со граѓаните.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор г-динот Сабриу. И за работното време на подрачните единици, заедно за двете прашања.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Во врска со првото прашање ценам за неопходно да одговорам дека во рамките на Министерството за труд и социјална политика не се дели никаква помош. Бидејќи таа помош се дели од невладини организации тоа оди преку Црвениот крст на РМ и другите асоцијации невладини, разно разни здруженија, организирани, неорганизирани, регистрирани, не ригистрирани во РМ.

Ние доделуваме во рамките на министерството социјална помош што оди по државна линија. Средствата кои се предвидени и планирани во Буџетот на РМ, кој буџет беше донесен од страна на Парламентот. Тука мислам дека нема никакви злоупотреби за овој дел.

А за другиот дел кој дели како дели кому дели мислам дека тоа не е наша надлежност и Ве молам така да бидеме разбрани Доколку инсистирате на некоја посебна информација ние можеме да дадеме за нашиот дел. Ние не сме овластени да пишуваме и информации да дадеме за здруженија за помошта што доаѓа од други невладини организации, бидејќи директно или преку нивните асоцијации ја делат таа помош.

Во врска со прашањето околу работното време мислам дека на подрачните единици работното време е утврдено со закон. Сега за сега така како што е. Веројатно стремежиме кон Европа, во нашите размислувања се носиме со идеја да излеземе со предлог за измени и дополнување на законот каде ќе биде регулирано работното време врз основа на она што е практика во Европа.

Тоа бара една поширока и потемелна анализа, а доколку таму не се почувствува работното време ние во рамките на нашите надлежности преземаме и ќе преземаме мерки затоа вие ако имате некои конкретни сознанија како претседател на Собранието, вие знаете добро дека Владата и покрај тоа што немаме некои посебни ингеренции во локалната самоуправа на тие подрачни единици на министерствата, со заклучок на Владата се обративме до сите надлежни министерства на подрачните единици раководителите еднаш неделно да одат на консултации, договарања, на видување кај претседателот на Собранието во цела Македонија.

Мислам дека во најголем број на општините тоа се спроведува а доколку имате некое посебно сознание во вашата општина ние би биле благодарни да ен информирате и да преземаме соодветни дисциплински или било какви други мерки.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Овој одговор беше очекуван и знаев дека вака ќе ми одговори министерот. Меѓутоа, станува збор за оние критериуми кои вашето ресорно министерство се истоштувани вашите критериуми.

Она што доаѓа помош преку Црвениот крст и ред други хуманитарни организации тоа е друго прашање, туку директно за вашето Министерство. Дали се испоштувани критериумите бидејќи зимаат помош по повеќе основи, користење на ова, здравствена заштита итн.

**ИЉАЗ САБРИУ:**

Би било илузорно да кажам дека од 56 илјади семејства во Македонија што користат таква помош дека нема еден два или пет случаи на злоупотреба. Меѓутоа, морам и одговорно тврдам дека критериумите кои се пропишани во одлуката што ја донесува Владата за

користење на таа помош таа строго се почитува во центрите за социјална работа во општините и преку заводите за вработување за невработените и за пензионерите во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување.

Може да предизвикува збрка и нејасна состојба да еден човек може да користи пример од Заводот за вработување, затоа што таму користи материјално обезбедување кое изнесува 2.800 и нема никакви други приходи он автоматски користи и социјална помош за разликата, доколку му следува социјално заштитно ниво, има 4-5 члена итн. Така да може да се јави еден граѓанин на едно и на друго место, но само разликата која му е пропишана со програмата односно со одлуката која е донесена од страна на Владата на РМ.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господин Богдановски.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Господине претседателе, почитувани пратеници претседател на Влада и господа министри. Имам намера да поставам три прашања и тоа:

Првото прашање, бидејќи се работи за еден канал на релација помеѓу две месни заедници во кои што покрај атмосферска канализација таму е од населбата и фекална канализација. Бидејќи живеат околу 20 илјади жители мислам дека во Министерството за урбанизам и подрачната единица прашувам што има намера во перспектива да се постави во овој регион.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кое е тоа место, мора да знаат каде е тој регион.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Мислам дека со министерот разговарав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмен одговор ли барате?

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Може и на писмено, може и усно.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кажете, прецизирајте точно.

**ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ:**

Може и писмено.

Второто прашање , за време на изборите се појави еден елемент да општествен имот кој што се наоѓа на територијата на овие месни заедници се појавија дивоградби, кои што се на територија, а се врз база на критериумите во согласност со некои луѓе од органите на месната самоуправа. Затоа предлагаме до Министерството за урбанизам да ја испитаат оваа состојба, која што се наоѓа на територијата на месната заедница Лисиче.

Третото прашање би сакал да го упатам до Министерството за внатрешни работи.

За време на мандатот на покојниот министер Мијалко на територијата на Лисиче се доделени повеќе дозволи за носење на оружје. Бидејќи го упатувам ова прашање дали има можност за ревизија и каква е законската регулатива во овој правец.

Може и писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, писмен одговор ќе добиете.

Има збор господинот Маличи.

**НАЗМИ МАЛИЧИ:**

Почитувани пратеници, почитувани претставници на Влада. Основните училишта во општина Кисела Вода, се наоѓаат во една крајно незавидна положба што се однесува до просторот и застапувањето со наставен кадар. Иако со Устав образованието е застапено на секого под

еднакви услови во селото Страоготице и Орешани до денес на деца од албанска националност не им е достапно да следат настава на мајчин јазик.

Друго, училиштата каде се директори македонци во овие села

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прашање има ли за првото:

**НАЗМИ МАЛИЧИ:**

Има прашање, има.

Зошто министерството за образование до денес не обезбедува наставен кадар на албански јазик во овие две училишта.

Второ, во село Ракотинци иако има меѓу 70 вработени 30 албанци меѓу одговорните наставници и во Советот на училиштата нема ниту еден албанец што Министерството за образование има дејствие за оваа дискриминациона позиција на наставници албанци.

Едно прашање за министерот за внатрешни работи. Безбројни се докази за физички и психички тортури од службени лица во органите за внатрешни работи. Сите овие тортури се пред лицата да се преведат или предадат на судските органи. Што надлежното министерство има преземено на оваа основа.

Второ прашање исто за министерот Фрчковски. На основа член 26 од Законот за државјанство граѓаните здобиени со државјанство, податоци дека се здобиени со државјанство до денес не се воведени во матичните евиденции. Има пример иако децата се родени во Македонија и нивните родители се здобиени со државјанство ако си бараат извод на родени, на изводот му пишува дека се страни државјани.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, писмено ќе одговори министерот за образование.

Има збор господинот Фрчковски, министер за внатрешни работи.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас можам да разберам дека вие мислите дека постојат безбројни докази за евентуалните тортури во предкривичната постапка веројатно во МВР. Би било згодно еден од тие безбројни докази да се наведува во постапка како би можело да се утврдуваат конкретните одговорни лица на конкретното место за злоупотреба. Инаку вака ние би можеле да се разговараме зависно на кое стојалиште стоиме бескрајно. Има безбројни докази за ова, ниеден од нив неможеме да го видиме во постапка, бидејќи за покренување на дисциплинска или кривична постапка во однос на вработените во МВР, сега да ја земам оној дел од работата која ние имаме одговорност да работиме, потребен е елементарен низ на докази и изведување. Инаку би постоел уште еден волонтеризам,на тврдење некого да казнеме напамет, да се разбереме. Некое лице ќе го казниме за да можеме да покриеме, да создадеме некаков баласт.

Според тоа инсистирање на постапка во таа смисла би била нешто што би ве повикал да го направите за да можеме таквото тврдење на го изнесеме или евентуално да го потврдиме, или евентуално да го поткрепиме и да излеземе правно со правна постапка од тоа. Тоа е прво и важи за сите случаи. Од ова ја одвојувам политичката конотација на употребата на оваа тема .

Второто, околу државјанствата, воведувањето во евиденцијата поради случките што се случија оваа година, тоа е пописот и изборите беше направени со полнолетните лица и целокупната екипа и материјални на МВР беа ставени во таа насока бидејќи имаа потреба да

се завршат избирачките списоци и да се помогне во таа смисла. Сега сме во фаза кога влегуваат во таа евиденција неспорните државјани на РМ. Тоа се малолетни лица . Тоа ќе биде завршено јас мислам во еден период од месец , два така да во таа смисла евиденцијата за нивното државјанство, инаку може да се утврди веднаш, во секој конкретен случај ако се поведе постапка, но евиденцијата за тоа државјанство ќе биде комплетирана после тој процес. Значи не се работи за некакво менување на статусот, туку единствено за процес на евиденција технички беше се концентрирано на полнолетните лица заради овие списоци кои ви ги наведов.

**НАЗМИ МАЛИЧИ:**

Јас не ги искажувам доказите каде ги препорачува полицијата своите надлежности. Само случајот во Скопје пред месец дена убиството на Милаим Мемети јас мислам дека немаше некоја политичка последица или конотација. Но тука се препорачани сите норми. Тоа е еден пример.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Јас ве молам вака кога има докази и се смета дека има докази во редовна постапка да се утврдува тоа. Се знае суд итн. Парламентот тоа не може да го направи.

Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, господине претседателе и претставници на Владата јас сакам едно прашање да поставам и тоа почитувајќи овие поконкретните и прагматичните, мислам дека овие се малку од поширок и подолгорочен интерес.

Првото прашање пак се однесува на МВР.

VII/10

Прашувам дали постои проект, план, политика, како сака- те за кадровски развој на органите на Министерството од центарот до подрачните, нејзини единици и од аспект на нивното, условно да кажам се побрзо прераснување во вистински сервиси на граѓаните и од аспект на застапеноста во тие органи на составите на сето наше население, особено од националностите. Претпоставувам дека таа политика би била обелоденување на една таква коегзистентна и долгорочна политика, би било важен фактор за смирување односно не за смирување, туку за хармонизирање на односите во оваа област и пошироко. Би го молел министерот по можност овој одговор писмено да ми го даде.

Второто прашање се однесува на Министерството за образование и физичка култура. Веќе сме сведоци дека во јавноста постојат многу контроверзии околу севкупната состојба на нашиот образовен систем и вкупно во образованието во целина. Исто така, веќе стана познато дека ние дефакто и немаме институција научно - стручна која би ги следела прашањата и проблемите на образованието воопшто, одделно на високото образование, а особено ние немаме еден и слух дури за испитување на економиката на образованието. Тоа и од аспект на вертикална и хоризонтална ширина. Затоа го прашувам Министерството дали има намера наскоро да изготви анализа за Владата и за Собранието за состојбите во образованието во целина и одделно во високото образование.

И второ, дали со оглед на состојбите предвидува наскоро да се формира стручно - научна институција за следење на состојбите во образованието и тоа и од економски и од културно - социјален образовно - научен итн.

Молам, и овој одговор по можност писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор господинот Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Првото прашање го упатувам до Министерството за внатрешни работи и се однесува на напорите што ги прават во Министерството за едукација на полицајците имајќи ги во предвид бројните, јас пак ќе кажам бројните иако министерот ќе бара да се обелоденат сите тие случаи каде што биле тие пречекорувања, но јас ќе го потсетам само дека во...

**МЕВЉАН ТАИРИ:** (Продолжение)

Јас ќе потсетам има купишта изјави од лица што биле малтретирани во случајот "Бит-пазар" и ви се доставени колку што знам или се доставени до Комисијата што беше формирана специјално за тој случај и би било добро да се каже колку полицајци биле санкционирани поради пречекорување на службените права. Добро би било да се каже затоа што не може да се тврди дека апсолутно полицијата во сите случаи е невина.

Освен тоа, барам одговор од министерот, може и усно, може и писмено дали е запознат лично тој и службата негова дека полицајците, речиси секојдневно брутално, со присила малолетници носат во станицата на милиција заради препродавање на цигари? Дали на тој начин се мисли дека ќе се спречи оваа појава и дали не треба поинаку да се справи со целава оваа работа?

Второ е исто така упатено до МВР, се однесува на инспектирањето што секојдневно се случува на вработените во самостојните дуќани. Ме интересирани дали полицијата има овластување да ги проверува лицата дали се пријавени или не или тоа се прави самоволно?

Дали се запознати во МВР дека се случува, лице да влезе во полициската станица, да биде третирано таму и да биде пуштено без воопшто да се евидентира дека тој бил таму? Такви случаи има.

Освен тоа, има обраќања од граѓани кои биле неразумно задржувани во граничните премини или аеродромите, понекогаш од страна на полицијата, во други случаи од страна на цариниците од нејасни причини, автобусот, колите и граѓаните стоеле и чекале на

некого. Вакви случаи има. Мислам дека може да се достави со име и со презиме, од луѓе кои биле вака третирани.

До министерот за правосудство кој не е тука, барам да ми се одговори писмено дали имаат во план да преземат нешто за подобрување на катастрофалните состојби во затворите. Во сегашните зимски услови, таму навистина, господ може да им е на помош на тие лица кои се осудени. Без греење се, на минус дваесет и повеќе степени, исхраната е толку слаба што не може да се јаде. Од кажувањата што ги имаме од лица кои доаѓаат во контакт со затворениците, храната што им се сервира за една минута или за неколку секунди веќе е смрзната и таа не може да се јаде. Би било добро да се направи да им се овозможи барем пристојно живеење.

Трето, дали се предвидува физичка поделба на затворениците што се проверени криминалци од тие што случајно се нашле во затворот и кои што такви случаи, се разбира дека ќе потпаднат под физичко, психичко и било какво друго малтретирање што им е тоа занает, да влезат и да излезат од таму.

До Министерството за урбанизам, иако имаме водено еден разговор, многу пријатен со тогашниот заменик министер и се согласивме за многу работи, беа ветени некои работи дека ќе се дојде до општината, дека ќе се направат некои работи да се подобрат состојбите, но за жал ниту дојде до таа средба ниту дојде до прифаќање на тие наши барања, ниту дојде до подобрување на состојбата што е уште најтешко.

Во градот Скопје посебно во општината Центар над 50 илјади граѓани живеат во услови на субстандард, чекајќи да дојде до

реализација на урбанистичките планови веќе 40 или 30 или 15 години. Сите тие планови се надминати. Со многу напори ги убедивме, прво, општинските власти дека треба нешто да се преземе. После беа убедени и од Комитетот дека треба да се преземе нешто. Сега дознаваме дека во Министерството постои пречка дека не се прифаќаат тие наши согледувања. Дека на тие граѓани кои живеат во такви услови со децении треба да им се овозможи, ако ништо друго, со сопствени средства, да си ги подобрат условите за живеење.

Ве молам за коментар од Ваша страна, иако сум имал прилика но тешко пак е да се дојде....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Што е прашањето? Прашање мора да поставите.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Што мисли да се преземе и дали е тоа навистина став затоа што од луѓето, од службениците во Министерството е одговорено дека таква иницијатива која што ние сме поднеле за реурбанизација, за промена на урбанистичките планови не може да се прифати и дека ќе се чека и понатаму, да владее истата состој ба.

И едно прашање до Владата и до МВР, може ли Владата да ја овласти полицијата да упаѓа во домови, да врши контрола, да спречува некои настани или е тоа работа на судовите и судиите кои треба да дадат налог да се изврши претрес, да се упадне и да се спречи некоја

појава? Или пак Владата со еден заклучок може тоа да го направи?

Следното прашање би било до Министерството за здравство. Дали во Министерството за здравство се размислува за некои конкретни чекори за овозможуваше на посебен третман на лицата кои дошле во додир со опојни дроги. Тие лица сега, колку што знаеме, имаат третман на ментално, лица кои имаат проблеми со менталното здравје и се носат во Бардовци. Се знае дека таму нема никакви услови да доживеат некакво излекување, или не знам што, туку само се малтретираат дополнително. Дали се мисли да се овозможи некоја посебна установа каде што ќе се третираат овие лица?

Наредното прашање пак е упатено до Министерството за правосудство или до некои други што исто така да можат да одговорат. Се работи за објавување на обвинителните акти во таканаречениот случај "паравојска". Дали е откриено лицето каде што потекнале овие информации и дали е некој санкциониран поради тоа? Заради тоа што, јас колку што знам таков преседан не смее да се случи, дека лицата поради тие објавени акти веќе однапред се осудени и што се планира да се преземе?

Последното прашање е упатено до претседателот на Собранието, до секретарот и до Службите што се надлежни за таа работа. Дали уредувањето на просториите во ова Собрание оди од први кат нагоре, дали оди од службеници па после до просториите каде престојуваат пратеници или кој е тој критериум по кои оди тоа уредување. Според мене, предност би требало да имаат просториите во кои престојуваат претенциите, а после другите.

Благодарам за вниманието.

VIII/5

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор министерот за урбанизам Г-динот Шундовски.

**ЈОРГО ШУНДОВСКИ:**

Прво, сакам да кажам дека прашањето кое беше поставено за Министерството за урбанизам не е точно и конкретно поставено и можеби треба подобро да се конкретизира ова прашање, макар и да се даде писмен одговор. Инаку, претпоставувам дека се работи за носење на деталното урбанистичко решение за централното градско подрачје што е во процедура на донесување, а ако се знае како се одвива процедурата ова е изработка на, како прво, детален урбанистички план, потоа истиот оди на јавен увид, јавна расправа и усвојување на Градско собрание, можам да кажам дека планот се наоѓа пред процедура на јавна расправа и ако за тоа станува збор, мислам дека се уште не дошло Министерството да дава свое мислеше. Ако се мисли на некој друг регион или на некоја конкретна процедура, мислам дека треба да се доконкретизира процедурата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

На дел од прашањата беше побаран и писмен одговор. Г-динот Фрчковски бараше збор.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Јас би сакал да одговорам усмено и на претходното прашање кое е поставено околу планот за кадровска обнова во МВР, иако беше побарано писмено јас сакам усно да одговорам.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Пратеникот бараше писмено.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Да, но јас сакам усмено да одговорам. Може ли?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Може.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Во МВР, како што впрочем знаете...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Но, тоа не ве ослободува од обврската писмено да одговорите.

**ЉУБОМИР ФРЧКОВСКИ:**

Добро, ако не е задоволен од одговорот.

Можеби понапред, по моја проценка и од другите државни органи направен е еден план и кон него е пристапено за поинтензивно вклучување на граѓаните на РМ припадници на националностите во полицијата. Да ве потсетам формирани се таканаречени квоти во средното полициско училиште. Оваа година таа квота изнесуваше 22%, скоро, така излезе. Тоа беше направено и претходно кога функционираше Факултетот за безбедност, исто така и трета мерка е конкретните конкурси за прием на полицајци во подрачните единици на кои се води сметка за врамнотежена национална застапеност. На тој план ние имаме пораст во овие две години од 1,9% на Албанци

конкретно во МВР на скоро 4,5% сега и мислиме дека со ова темпо, на овој начин задржувајќи ги сите критериуми, стручни околу приемот на лицата, меѓутоа со оваа нагласка што ја правиме во еден рок би била достигната таканаречената адекватна застапеност.

Во таа смисла ние имаме добри, а понекогаш нормално е решенијата не се покажуваат најдобри. Како што знаете со заменикот началник во Тетово и покрај нашите напори да правиме исчекор кон едно такво ангажирање, се покажа дека не може да ја врши таа функција или имаше некаков друг план па, како што знаете се повлече од тоа. Така што, тој процес е цик-цак процес и мислам дека ќе издржиме во оваа глобална ориентација. Тука резултатите се видни и веројатно ќе бидат во континуитет видливи.

Второто прашање околу пречекорување на овластувањата, можеби повторно е Информација што од Министерството прв пат се слуша или се слуша прецизно. Од другиот дел на државната управа можеби немате можност така прецизно да чуете, меѓутоа, во 1994 година во 54 случаи на вработени во МВР им престанал работниот однос со отказ кои во 30 е за пречекорување на овластувањата, дел од нив се и вклучени истрагите и дисциплинските постапки за случаите на "Бит-пазар" и во некои други случаи. Дел од нив можам, ако има потреба и писмено да ве известам како се регионално поставени овие случаи.

Инаку, најчесто тие не добиваат публицитет после тоа па се добива впечаток дека нема никакви мерки во таа смисла. Меѓутоа, барем во Министерството се водат прецизни истраги и прецизни мерки, многу конкретни мерки во таа смисла.

Јасна е состојбата со влегување во стан, тоа е уставна категорија, тоа се прави само и единствено врз основа на судски налог. Доколку такво нешто изостанува тоа е основа за водеше кривична постапка против даденото лице, согласно внатре во МВР и дисциплинска постапка против него. Од тоа исклучок се оние случаи кога лицето во станот сами повикуваат за помош или се случува некоја гужва внатре, не е во можност да се повика, тоа се посебни случаи на интервенција.

Тоа се прашањата што се однесуваат на МВР.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, тука имаше и за Министерството за правда, за затворите и такви работи. Сите тие нека се класираат и да се подготви одговор во писмена форма.

Има збор Г-динот Кадриу.

**ЗЕКИР КАДРИУ:**

Господа пратеници, господине претседателе, јас нема да се задржувам, само малку на две-три прашања кратки и ќе се трудат да бидам што појасен.

Првото прашање го поставувам на надлежното Министерство за едно пратеничко прашање, мислам дека е во ред, да се запознаеме однапред со Министерството за образование, и колку ќе биде уредно да ми даде одговор јас мислам дека најдобро би било писмено да се даде.

Во с.Палатицас - Тетовско се гради осмогодишно училиште со материјална помош од една Европска католичка институција. Нејзиниот фонд е наменет за помош на школството во мултиетничките средини

односно во нашата Република за мултиетнички општини. Во натамошното комплетирање на овој модерен објект веќе година дена е стопирано, а причините уште не се објаснети'.

Од ресорното министерство барам информација дали овој објект целосно ќе се финансира од овој фонд и кога ќе отпочне довршувањето на истиот.

Потоа, исто така барам информација дали фондот на гореспомнатата институција се користи стриктно за оваа намена, односно во кои други мултиетнички општини во Републикава се градат вакви објекти.

Второто прашање е за Министерството за труд и социјална политика.

Барам, колкав е бројот на корисниците на социјална помош во РМ и која е националната структура.

Третото прашање до Владата до надлежните, кои треба да одговори на ова, јас барам исто така писмено да се одговори, средствата што беа наменети за упис на населението во РМ, фали тие средства се од страна на Советот на Европа пуштени сите и ако не се пуштени зошто не се пуштени?

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговарате сега, ќе инсистирате сега да се одговори или може писмено?

Писмено.

Г-динот Котлар не е тука.

Има збор г-динот Димитар Поповски.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, во контактите со избирачите од изборната единица 104 што ги имав во последно време произлегоа некои прашања за што и добив мандат да ги поставам. За тоа едното од нив е елаборирано а се однесува на проблемите што ги тиштат нашите пензионери, сите пензионери, а знаете дека има неколку категории пензионери. Тие се чувствуваат едноставно измамени, а ветено им беше дека ќе добијат она што не го добиле. Јас се надевам дека Владата ќе смогне сили, ветувањето што е дадено на пензионерите да го исполни.

Друго барање беше во врска со пензиите, поставуваат прашање, господине пратеник кога ќе примите вие вашиот личен доход имаме желба не да имаме поголема пензија, туку и ние на време да ја добиеме таа пензија за да можеме да опстанеме.

Тоа се општо познати проблеми на сите пензионери па јас се надевам дека во одговорот што беше поставен ќе се најде решение за тоа.

Вториот проблем и второто прашање што сакам да го поставам, а се однесува до Министерството за добрана, за жал оси отиде министерот, се работи за статусот на жителите во објекти на Армијата на РМ на кои не им е овозможено и дозволено, како на другите граѓани во РМ да направат откуп на станоците во кои живеат од 1963-1964 година. И за овие проблеми што ги тиштата тие граѓани, а тие не се малку по број, веројатно очекувам Министерството за одбрана во писмена форма да даде одговор на тоа прашање.

**ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Третото прашање го упатувам до Министерството за образование и физичка култура, тука е министерката, а се однесува на следното:

Кога се планира да се воспостави укинатата Републичка награда за значајни спортски постигања, која тек така беше укината без образложение затоа што едноставно имала идеолошки предзнак, била на 25-ти Мај. Образложението не држи, јас се надевам доколку може Г-ѓата министерка сега да одговори, може да одговори, а може и писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, може писмен одговор. Има збор г-динот Николов.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Јас сум должен да му се заблагодарам на претседателот што најде простор да ми даде и мене збор да поставам неколку прашања Ќе бидам многу краток и ќе барам на овие прашања да ми се одговори писмено.

Прашањата се поставени од граѓаните на одредени месни заедници, а се однесуваат во врска со користењето и сопственоста на задружните домови. Луѓето прашуваат дека задружните домови во селата кои беа градени на времето во чија сопственост се овие домови? Одредени домови се реновирани и се во корист на месните заедници а другите се узурпирани од лица кои правно не поседуваат имот над овие домови и бараат да се расчисти сопственоста заради тоа што овие месни заедници, овие населени места бараат истите да ги користат.

Узурпираните простории на овие задружни домови денеска некој ги користи без да плака никаков придонес за користење.

Другите прашања се однесуваат за министерот за земјоделие, за жал тој не е тука, но прашањето ќе го доставам во писмена форма се работи исто за прашење од граѓаните сточари во западниот дел на општина Велес. Вие знаете дека тоа се ридско - планински предели, луѓето се занимаваат само со сточарство, бев известен од група на индивидуални земјоделци дека на таа територија опстојуваат некаде преку 60 илјади овци очекуваат дека во овој турнус ќе имаат 45 илјади јагниња, поставуваат три прашања и тоа:

1. Што ќе направи Министерството за земјоделие со користењето на царевката за исхрана на стоката, таа што беше кредит од САД.

Второто прашање е околу пласманот на јагнињата, дали ќе се обезбеди пласман на сите овие јагниња кои ќе бидат произведени и кога и

Третото прашање е во врска со откупот на волната тие рекоа дека повеќе години наназад волната не се откупува од сопствените резерви и сега се во дилема што ќе прават затоа целиот складишен простор кој го имаат на користење веќе е полн со резерви од волна и независно од одредената цена и компензација за волната тие фактички бараат решение на оваа што не можат да ја користат, не можат да ја продадат, им, ги зафаќаат просториите и не знаат што да прават. Дали едноставно како отпад да ја отфрлат или е во интерес на државата да ја откупи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот за земјоделие не е тука , тој ќе одговори писмено.

Има збор г-динот Котлар.

IX/3.-

**МАРЈАН КОТЛАР:**

Почитуван господине претседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата.

Би сакал повторно да актуализирам едно прашање кое беше поставувано и од поранешниот состав на Парламентот, станува збор за системот на заштита на Охридското езеро- колектерскиот систем за заштита на Охридското езеро. Прашањето најверојатно ќе биде упатено до ресорното министерство кое се бави со екологија и заштита на животната средина.

Како што е познато Охридското Езеро не е само проблем на Охрид и Струга, тоа е од национален и државен интерес, колекторот се гради повеќе години, пари како што знаеме сите за колекторскиот систем нема, охридското и струшкото стопанство не можат да го фин ансираат постоеше иницијатива од пратеничката група од Охрид од 4-те пратеници да се поднесе во вид на амандман кога се донесуваше Буџетот на РМ за 1995 година, меѓутоа, не беше прифатен,

Моето прашање се однесува конкретно до Владата, какви се размислувањата и интенциите на Владата за довршување на овој Коректорски систем. Проблемот не ги засега само двата града и околните населби, туристичките локалитети и приобалните села, проблемот е актуализиран во последно време и со водоснабдувањето на град Охрид имено, Колекторот е изграден до хотел Гранит кој е во непосредна близина на хотел Метропол, ги дели некаде околу 1 километар до километар ипол растојание. Еден од централните пунктови за водоснабдување на градот се наоѓа во непосредна близина на хотел Метропол, така што Охридското јавно стопанство за водостопанисување и Заводот за здравствена заштита од Охрид вложуваат огромни напори

за обезбедување на квалитетна вода за пиење на градот поготово тоа е актуелно во време на летните месеци кога градот е преполн со туристи. Понекогаш имаме и цревни инфекции и заради тоа го поставувам како пратеничко прашање и би сакал да добијам писмен одговор по кој можеби би следел амандман за форсирање на оваа идеа за обезбедување на пари за решавање барем на овој најгорлив проблем поврзување на тој километар ипол од коректорскиот систем до пунктот каде се снабдува градот со вода.

Исто така, во овој контекст би сала да прашам директно до Владата дали постојат меѓувладини контакти на ниво на Република Албанија и Република Македонија за решавање на колекторскиот систем во целото и од албанска страна, бидејќи кружат информации повремено и во јавните гласила дека од албанска страна воопшти не се води грижа за заштита на Охридското езеро, дека не само отпадни фекални води што влегуваат во Охридското езеро, туку влегуваат и индустриски отпадни води од одредени рудници од албанска страна или од одредени фабрики. Второ прашање кое сакам да го поставам кое е во ресорот на сообраќај, патниот сообраќај помеѓу Охрид и Св. Наум, неодамна се отвори граничен премин. Од Св. Наум има 29 км., во поранешна Југославија тој пат беше регионален кој ги поврзуваше Охрид со околните села до граничниот премин, меѓутоа, со новите односи на нашата држава, со воспоставување на независноста и сувереноста на нашата држава овој патен правец веќе поприма сосема нови димензии и станува магистрален и меѓународен пат. Овој пат е тесен, кривудав, напуштен и потребни се инвестициони зафати и добри средства за обновување, проширување и евентуално пренасочување на овој пат. Најгорлив проблем е меѓу Охрид и с. Пештани една дестинација од 12 км. која е извонредно оптоварена поготово во летните месеци, кој

летувал во Охрид знае дека за 5 км. дестинација се патува 2 или 4 часа во текот на одење на плажа. Се случуваат сообраќајни инциднти и локалната политика исто така има сериозни проблеми.

Трето прашање кое би сакал да го поставам се однесува за стопанисување со шумите во РМ. Сите знаеме дека тие се на извесен начин под надзор на државата преку тие јавни претпријатија за стопанисување и нивна законска обврска е пошумувањето. Меѓутоа, факт е дека пошумување реално не да нема, туку е тоа минимално и оние шуми кои се посекуваат заради огрев или индустриски потреби, практично во општо не се обновувани, така што шумите ако ги третираме како еден вид национално богатство кое има многукратно значење полека во времето кога постои енергетска криза и кога луѓето најлесно посегнуваат по огрев со дрва, полека ќе се случи да ги соголуваме шумите до тој степен да ќе бидат потребни 20, 30,50 години....

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, прашањето е како се штитат шумите и дали се врши пошумување.

**МАРЈАН КОТЛАР :**

Прашањето е едноставно пошумувањето на оголените страни. Одговорите можат да бидат во писмена форма.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Имам да поставам две прашања.

Првото прашање паралелно се однесува на Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии, Содржината на прашањето е во следното:

IX/6.-

Дали Министерството за труд има сознание дека е превисоко оптоварувањето со пензиско инвалидско осигурување на земјоделците кои остваруваат право на пензија по основ на земјоделие. Ако е така следуваат наредните прашања дали Министерството преку Фондот за ПИО размислува за намалување во рамките на постојниот закон на основицата за пресметување на пензиско и инвалидско осигурување.

Втората димензија на прашањето се однесува за Министерството за финансии во смисла дали има можности Министерството преку соодветна мерка од Владата да донесе заклучок за ослободување од оптоварувањето на оваа категорија на пензионери кои единственото занимање им е земјоделието, од делот на задолжувањето по основ на камати во 1994 година. Само да ве потсетам тоа беше 2% дневно. Бидејќи и така не постои реална можност на ова високо задолжување за 1994 година да се исплати ни редовното што е за пензиско и инвалидско, а камо ли со така високи камати кои испаѓаат по 4-5 илјади ДМ.

Второто прашање е за министерот за земјоделие, барам писмено да ми се одговори како и претходното, а е слично со прашањето што го постави колегата Гоко Атанасов, кога Владата во Собраниска процедура ќе го проследи Законот за води. Ова прашање содржи барање тоа да биде што поскоро. Причина за тоа меѓу другите за донесување на тој Закон и состојбите со водостопанските претпријатија, како што е случајот во Кавадарци и сл. Барам писмен одговор.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, членови на Владата, имам две конкретни прашања, а потоа имам конкретно за целата Влада еден проблем бидејќи немам начин кака да се обратам и да го иницирам, да го изнесам и во вид на прашање да го поставам на Владата.

IX/7.-

Прво, барам да ми одговори писмено или усно Владата кога мисли да го предложи во процедура и Законот да дојде пред овој Парламент за денационализација, бидејќи одат Законот за приватизација и Законот за продажба на деловниот простор, а мислам дека е тој сврзан со овие закони и тој законски проект треба да дојде прв пред овој Парламент.

Второто прашање бидејќи прочитав во Печат дека Републичката СИЗ за патишта за оваа година дава предлог на план за изградба на одредени локални или републички патишта од интерес на Републиката и таму не го прочитав правецот Ранковци -Деве Баир. Тој е клучен правец и клучен пат за изградба и за движењето на сообраќајот со Македонија и барам Владата да ми одговори. Дали во оваа година ќе биде предвиден за изградба овој патен правец Ранковци -Деве Баир.

Прашањата во вид на иницирање на одредена проблематика да ги поставам пред Владата се однесуваат до целата Влада. Сите знаете дека банкарските камати и учеството на Владата во креирањето на политиката на банките и во политиката на Народната банка е одвоена бидејќи сум член на Извршниот одбор на Стопанската комора Владата на еден состанок на кој присуствуваше и премиерот кој и сега е премиер г-динот Бранко Црвенковски се огради во поглед на каматната политика во минатата година односно ја огради целата Влада во таа област. Меѓутоа, сега за оваа година во излагањето и проекцијата за 1995 година од страна на Владата се предвидува инфлација од 17,8%. Меѓутоа, постои една меѓубанкарска спогодба која е потпишана на ниво на Стопанската комора во која е предвидено дека каматните стапки ќе се формираат од страна на деловните банки врз основа на есконтната стапка која секој месец ја утврдува Народната банка

зголемена со плус 2%. Таквото формирање беше во минатата година, а таа спогодба ја продолжија и оваа година и важноста без согласност на сите банкарски субјекти кој учествуваат во таа спогодба, бидејќи таму е предвидено 80% од капиталот на стопанството на Македонија кои се потписници на таа спогодба ако ја прифатат спогодбата, ќе важи. Тие тоа го направија и го продолжија за месец јануари. Во што е суштината. Суштината е дека до сега секогаш се зборуваше во стопанството дека каматните стапки се формираат на основа на инфлацијата која е во државата односно на основа на порастот на цените на мало. Бидејќи е проектирана инфлација на годишно ниво од 17,8% прашувам дали Владата и сега ќе биде како и минатата година дистанцирана и нема да се заложи Народната банка и деловните банки ги усогласат каматните стапки за кредитите кои ги пласираат во стопанските организации со проектираната инфлација и нема да дозволат да се одлее капиталот од стопанството во банките, како што беше случајот за последните две години каде каматата изнесуваше дури и 30%...

X/1.-ПЈ/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, прашањето е дали Владата ќе го третира и како прашањето на каматите.

**ДРАГАН МИТЕВСКИ:**

И последно, односно второ прашање во таа смисла дали Владата сега ќе дозволи да продолжи пак истата каматна политика, која што сега во јануари ја наметна Народна банка и деловните банки и во февруари.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговорите ги бара да ги добие по писмен пат. Господин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи јас доаѓам какопратеник од 60-те битолски села, имам многу прашања, меѓутоа, ќе поставам само неколку.

Најпрво, едно општо прашање. Слободниот увоз на прехранбени производи чија што суровина може да се произведе и во нашиве полиња, во изминативе две-три години го опустоши нашето земјоделство.

Прашувам кога Владата на Република Македонија ќе донесе заштитни мерки за заштита на нашето полједелство од овој слободен увоз на разни производи. Во контекст на ова прашање само би кажал три работи. Минатата година во нашава држава се увезени околу 45 милиони килограми шеќер, а битолскиот шеќер стои непродаден. Имаме слободен увоз на секакво месо, а нашите говеда и свињи стојат непродадени. Дали господо наскоро ако продолжиме со ваква политика, ќе увеземе и министер за земјоделство.

Второ прашање мора што побргу Владата на Македонија да каже што ќе работи нашето Министерство за земјоделство. Неговите

компетенции сега засега се за никаде.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Тоа сега не е прашање. Вие констатирате нешто и затоа не се зема збор. Вие само дадете прашање.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Многу пратеници денес поставија прашање што станува со законот за персонален данок, односно со оној дел каде што се предвидува на земјоделците да им се пресметува 2% дневна камата. Колку што се сеќавам на седницата пред нова година Владата на Република Македонија поднесе закон за измена на овој закон, по итна постапка. Оваа седница траеше до долго во ноќта и не се сеќавам дали ние го донесовме законот, па затоа го молам секретарот на Собранието да каже дали е донесен овој закон, или управата за финансии и понатаму ги дери земјоделците.

Понатаму, едно прашање за министерот за социјална политика.

Дали наскоро ќе се зголемат старосните пензии на земјоделците што сега изнесуваат само 1800 денари.

Исто така, друго прашање за овој министер, минатата го- дина во Битола 300 земјоделци имаа поднесено барање за ослободување од плаќање на давачките за пензиско осигурување. Оваа давачка, како што рече колегата Панче Минов е висока на земјоделците и тие не можат да ја платат.

Дали ќе следува измена на овој закон или не?

Понатаму, повторно поставувам едно прашање: Зошто во битолскиот дел на Мариово е укината единствената пошта и единствениот телефон. Сметам дека на оваа седница одговорот мора да го даде денес министерот за врски.

X/3.-

Натаму, кој треба да ги чисти селските патишта од снегот? Срамота е на прагот на XX1-от век снег од 20см. да не дозволи да се одржува настава низ нашиве села, па ниту да оди некаде да им помогне на овие жители што се подалеку од центрите. Вие добро знаете дека битолскиот дел на Мариово со последните врнежи од снег остана отсечено и бевме приморани да бараме дури помош од армијата за помош на овие луѓе.

И уште едно прашање. Минатата година министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе забрана за работа на сточните пазари во Битола и во некои други погранични места.

Дали ова министерство заборави дека има таква забрана и таа и понатаму трае, или пак станува збор за нешто друго. Инаку, оваа забрана е извршена, затоа што во соседна Грција имаше лигавка и шап. Сметам дека на температура од -30 степени повеќе нема шап и што побргу треба да се ослободи овој пазар.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали Владата веднаш ќе одговори?

Господин Бузлевски.

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Што попрво да одговорам на некои прашања кои што беа претходно поставени, меѓутоа, самите пратеници кажаа во писмена форма. Мало објаснување околу тоа. Пред ова Собрание ќе излезе програма за изградба и одржување на патната мрежа во Република Македонија и во тој контекст ова Собрание треба да даде согласност или да не даде на таа програма. Тоа ќе биде добар повод да се расправа доста околу програмската задача на СИЗ-от за патишта и во таа прилика ќе се согледаат сите активности кои што ќе се третираат во програмата.

X/4.-

Околу прашањето на господинот Тантаров во врска со зимското одржување на локалната патна мрежа, мислам дека на господинот Тантаров му е познато дека тие патишта се од локален карактер и де ка обврската за нивно зимско одржување е на локалната самоуправа, која што годишно на ниво на Собрание на локална самоуправа го носи планот за зимско одржување на таа патна мрежа. Познати ни беа проблемите кои што настанаа со снегот оваа зима. Интервентно се интервенираше со ангажман на"Македонијапат" кој што ги одржува регионалните и магистралните патишта, заради состојбата која што беше таму а тоа не беше стриктна обврска на "Македонијапат", покриена со финансиски средства за реализација на програмата, која што ја има "Македонијапат". Тоа е одговор на прашањето за зимското одржување на локалната патна мрежа во мариовскиот дел. А додека околу прашањето за укинувањето на единствената пошта, мислам дека за тоа треба дополнително да побараме информација од јавното претпријатие ПТТ...

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали ќе одговорите писмено:

**ДИМИТАР БУЗЛЕВСКИ:**

Ќе одговориме писмено.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, имам да поставам едно прашање. Се деклариравме како држава која очигледно има недостиг на лебно жито и сточна храна за добитокот.

Од друга страна пак за заштита на државата се наоѓаат мал број на земјоделски култури меѓу кои пченицата и тутунот.

Земјоделскиот комбинат "Пелагонија" од Битола во моментов на лагер има околу 5500 тони пченица, 8 илјади тони јачмен, 4 илјади тони пченка, 88 тони крупно лисен тутун.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кое е вашето прашање?

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Моето прашање се однесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Дали воопшто се преземаат мерки и дали се води сметка до кој временски рок државата мисли овие количини да ги откупи, или пак и натаму ќе дозволи неконтролиран увоз на споменатите тутуни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господин Трпеновски.

**ДИМИТАР ТРПЕНОВСКИ:**

До Министерството за труд.

Кои се актуелните критериуми за евидентирање на невработен и кои се правата, кои што произлегуваат од институтот невработен.

Како Министерството за труд смета да ги обави обврските како облигациони обврски према Фондот за здравствено осигурување. Ова заради тоа што имам убедување дека дури и учениците почнуваат да се пријавуваат како невработени, веројатно, заради одредени привелегии што ги дава институтот вработен и заради тоа што имам убедување дека и лица кои што се вработени во странство без виза, диво  исто така и во

времето на своето отсуство државата се запишуваат во Заводот за вработуваше, заради бенефициите што ги дава институтот вработен•

До Министерството за внатрешни работи.

Колкава е бројката на загрозените имоти и личната сигурност на граѓаните во општината Струга, со одговор и за структурата на чинителите, дали се припадници на Република Македонија или на соседната држава Република Албанија.

До Министерството за одбрана.

На границата на соседната држава Република Албанија на каменот граничен стои наслов: "СФРЈ". Бидејќи сме суверена и самостојна држава, војникот се прашува кого го чува, СРМ или СФРЈ.

Сакам да прашам какви мерки и активности се во контекстот размислувањата на актуелниот министер за одбрана во врска со ова прашање.

До Министерството за развој.

Дали Министерството за развој има Проект - програма за спроведување на актуелниот закон за неразвиените ридско - планински компактни подрачја во Република Македонија во сите инфраструктурни проблеми кои што се третирани во актуелниот закон.

До Министерството за труд.

Дали Министерството за труд има и евиденција врз база на инспектирањето од негова надлежност, колку се диво вработени во актуелните приватни фирми и какви се, односно колкави се губитците на државата, заради егзистирање на оваа појава.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Г-дин Ханџиски, министер за одбрана.

**БЛАГОЈ ХАНЏИНСКИ:**

Сигурно дека не станува збор за моето размислување за вакви случаи, заради тоа што е сосема јасно кога станува збор за одбележување на меѓудржавните линии на Република Македонија со соседите како таа проблематика е регулирана.

Допуштам дека може да се појави случај на заборавено обележје со стари ознаки, меѓутоа за сета оваа проблематика пратеникот Трпеновски писмено ќе го информирам по испитување на сите случаи за кои што имам сознанија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи, писмено ќе се одговори. Добро, и за другите прашања ќе се даде писмен одговор.

Министерот за развој.

**БЕКИР ЖУТА:**

По однос на прашањето поставено и доставено до Министерството за развој, а кое што се однесуваше за тоа дали Министерството има подготвено Проект - програма за реализација на програмите инфраструктури. Министерството подготвува план и програма за својата работа во доменот на Агенцијата за развој на недоволно развиените подрачја. Меѓутоа, инфраструктурните проекти ги презентираат оние подрачја кои имаа проблеми и ги презентираат во Агенцијата кои се рангираат според тежината на проблемите и условите кои ги исполнуваат и следствено на тоа, тоа претставува задача за реализација.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Да одиме понатаму.

Господин Талимциоски.

**ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ:**

Почитувани пратеници, во тутунското производство се занимаваат околу 25 организации. Денешниот ден и нивните проблеми се преголеми. Посебно се наоѓаат некои организации, можам да напоменам само четири, кои што се во загуба и за нив е покрената стечајна постапка. Бидејќи тие имаат организирано производство и откуп на тутун, а производството и откупот, односно откупот на тутунот отпочна на 16 јануари, така што тие не ќе можат и не можат да го откупат тутунот.

Мое прашање е кога ќе почне откупот на тие стечајни организации, со кои средства тие ќе го откупуваат и како тие ќе се однесуваат према оние со кои го договориле тутунот.

Второто прашање е околу 2.000 тутунопроизводители немаат склучено никаков договор. Прашањето е каков е нивниот статус, како ќе се откупува тутунот, кој ќе го откупува тутунот, кога и како ќе му биде исплатен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, министерот за земјоделство не е тука, ќе одговори понатаму.

Господин Хасипи.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Господин претседателе, дами и господа пратеници, господа министри, јас имам три прашања адресирани до Министерството за здравство и актуелниот министер г-нот Филипче.

Првото прашање се однесува за активностите на Министерството за здравство во областа на правната регулатива за трансплантација на органи и банка на органи. Со оглед на тоа дека во Европа постои

европска асоцијација за дијализа и трансплантација према која членките кои што членуваат во таа организација се вклучени во компјутерски систем во кого се вклопени потенцијалните донатори и прима- тели на органи, а со оглед на тоа дека кај нас постои правен вакум во однос на таа регулатива, огромни се маките на луѓето кои што, на заболените, кои што се дијализираат. Прашањето мислам дека беше јас- но.

Второ прашање кои се активностите, мерките и колкави средства се преземени во сузбивање на бруцелозата на тлото на Република Македонија. Кои се ефектите од преземените мерки. Колкав е бројот на заболени, кои се активностите, мерките и колкави средства се преземени во сузбивање на бруцелозата на тлото на Република Македонија, кои се ефектите од преземените мерки, колкав е бројот на заболени во хуманата популација и во добитокот и колкави се штетите и дали постои елаборат во таа смисла.

Третото прашање е, евидентно е дека во последно време е во пораст туберкулозата на тлото на Република Македонија, посебно на Западна Македонија, што директно корелира со пад на животниот стандард.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Прашањето се однесува какви активности Министерството за здравство планира да преземе за да оваа болест неземе пошироки размери, со оглед на тоа што последните години е евидентен падот на активностите во смисла на сузбивање на оваа заразна болест, во смисла на флуораграфски снимања, вршеше на пипиги проби итн.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одговорот ќе биде доставен во писмена форма.

Има збор г-динот Стојановски.

**СТОЈАНОВСКИ ПЕЦО:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, сакам да поставам конкретно две прашања.

Првото: дали Компанијата "Гленкорд" од Швајцарија, која има претставништво во Скопје , го има земено на користење и експлоатација Рудникот "Тораница" за период од 3 години. Истите услови кои ги има понудено "Гленкорд"ги имаат понудено и други фирми од Република Македонија, а знаеме дека рудниците се од национален интерес.

Второ, дали министерството за финансии ќе формира финансиска полиција и ако формира од кога ќе почне да дејствува.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Писмено ќе биде одговорено на прашањето.

Има збор г-динот Ристо Николовски.

XI/2.-

**РИСТО НИКОЛОВСКИ:**

Господа пратеници, би сакал само едно прашање да поставам, а се однесува до Министерството за земјоделство и Министерството за стопанство. Се работи за следното:

Како што знаеме, претстои извозот на јагнешко месо во земјите на Европската унија, конкретно Италија, а нешто подоцна за Блискиот Исток. Дали постои размислување и можност за зголемување на стимулациите за извоз на јагнешко месо. Би го аргументирал сле ното:

Моменталните стимулации се 1,85%. Споредени со минатогодишните, минатата година беа 4%, претходната година беа 21%. Се најдуваме во една ситуација, јагнешкото месо кое се произведува, тоа е македонски производ, нема потреба од увозни суровини. Значи, станува збор за чист девизен прилив. Меѓутоа, македонскиот пазар не може да го апсорбира ова вкупно производство и сме принудени да го пласираме во земјите на Европската Унија и земјите на Блискиот Исток.

Имајќи ги предвид цените кои што се оформени и константни за извоз на јагнешкото месо во Европската Унија , конкретно во Италија извозот на јагнешко месо споредeн со вкупните цени  на живо јагне во Македонија едноставно би бил нерентабилен и би ги довел во ситуација да прават планирани загуби извозните организации.

Од овие причини, предлагам сериозно да се размисли околу овој проблем и да се определат стимулации кои нема да ги доведат организациите што се занимаваат со извоз на јагнешко месо во ситуација да направат големи загуби или да се јави друга опасност да не може да се откупи, од тие причини јагнето во Македонија и да се најдеме во еден друг проблем, принудно да го зголемиме сточниот фонд.

XI/3.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Не се тука надлежните министри.

Има збор г-динот Тито Петковски.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Очигледно им дадовме задачи на министри за наредните шест месеци, па еве и јас едно би имал.

Прашање до министерот за надворешни работи гласи: Дали се преземаат дипломатски активности за враќањето на група граѓани од Сараево македонски државјани на дипломатски пат, бидејќи иницијативата од нив е пред повеќе од три месеци покрената и имавме можност да слушнеме аз повторно анимирање преку новинарите од МРТ. За сега немаат никаков одговор. Имено, иницијативата е испратена до Министерството за надворешни работи, но се уште не се информирани граѓаните дали нешто се превзема. Станува збор за група од околу 200 граѓани на Сараево - македонски државјани, најголем број на жени, деца, старци, ранети и болни луѓе.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Министерот не е тука, ќе одговори писмено сигурно.

Има збор г-динот Милошевски.

**ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитувани министри на Влада. Јас имав неколку прашања меѓутоа со оглед дека сум меѓу последните, некои поминаа, ќе поставам едно прашање до Министерството за сообраќа и врски.

XI/4.-

Прашањето гласи: Кога ќе биде изграден Радио-телевизиски предавател на местото викано Билили. Овој предавател односно за неговата изградба се разговараше некаде пред две три години, некоја активност се започна и се застана ми се чини во место. Што нуди овој радио-телевизиски приемник? На северната страна на Крива Паланка се наоѓа германско -билиското подрачје кое зафаќа десетина села кои не се од типот на одредени краишта во република Македонија пасивно населени. ова се живи села да речеме, село Герман има околу 120 домаќинства, Нерав 90 домаќинства, Огут 80 домаќинства, се така до село Пклиште со 60 домаќинства. Во овие села живеат се уште млади луѓе, се стопанисува, секоја пролет Република Македонија од овие села извезува околу 4 до 5 илјади јагниња. За жал овие села покрај тоа што имаат отежнати патни врски, скоро во ниедно село нема асфалтен пат, се уште се оди по макадам, да речеме макадамот за Герман со првиот дожд го прави непрооден, овие луѓе се уште не ја гледаат Македонската телевизија односно не гледаат Телевизија Скопје. Се уште гледаат ТВ-Белград, Тв. Приштина и РВ - Софија. Ние како суверена и независна држава постоиме веќе четири години, петта година, а овие наши граѓани сеуште ја гледаат странската ТВ, а нашата ТВ не ја гледаат.

Второто прашање е до Министерството за надворешни работи. Дали има можности за отворање граничен премин кај село Голема Црцорија спрема Голеж. Ова прашање исто така е поставено поодамна, меѓутоа, се стои во место. Ова прашање го поставувам од причина што Голешкиот крај, Босилеградскиот крај, овие села се наоѓаат во Република Србија и се едни од најпасивните краишта во Србија, меѓутоа, познато е дека од овој крај, Босилеградскиот во РМ има голем број граѓани, посебно во нашиот град Крива Паланка, луѓе кои се уште своите имоти ги имаат зачувано во овој регион. Во летниот период одат

стопанисуваат, меѓутоа, проблемот настанува наесен кога треба да се донесат земјоделските производи. Тие треба да заобиколуваат и да поминат на граничниот премин Табановце. Кога би постоел овој премин, луѓето би поминувале 20 до 30 км. и би ги посетувале своите родни огништа . Инаку, другата алтернатива преку Табановце е над 200 км.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, ќе подготвите одговор и на овие две прашања.

Има збор г-динот Станковски.

**ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ:**

Г-дине претседателе, господа членови на Владата, колеги, јас би поставил едно прашање. Прашањето е упатено до министерот за сообраќај и врски. Прашањето од прилика гласи вака:

Што е со проектот за мобилна телефонија.

Образложение: сметам дека модерната телефонија е нешто што е потребно на нашите луѓе кои се во бизнисот и на сите нас. Прашањето е до кога и што се планира, до каде е проектот за мобилна телефонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Добро, и за тоа ќе подготвите одговор.

Има збор г-динот Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани членови на Владата, јас би имал едно кусо прашање до две министерства, тоа е Министерството

за сообраќај и врски и Министерството за урбанизам и градежништво, бидејќи на некој начин се поклопуваат надлежностите. Имено, станува збор дека веќе подолго време во Скопје, особено во потесниот дел на градот, строгиот центар и на неколку улици се чувствуваат би рекол тромбови во одвивањето на сообраќајот во градот.

Оттаму, поставувам прашање дали до сега нешто е преземено или ќе се преземе околу регулирањето на сообраќајот во потесниот градски центар, во смисла на преземање на некои проект за нов режим на сообраќајот, особено на улиците "Водњансака" и "Васил Горгов" бидејќи тие се единствена влезница така да речам за две крупни градски населби како што се Капиштец, Козле и Водно, а во делот на улицата "Водњанска" се наоѓа Медицинскиот факултет со клиниките, каде што имаме дневна фреквенција на луѓе 4 до 5 илјади луѓе, каде се отежнува и одвивањето на нормалниот живот и на овој крупен болнички центар.

Оттаму, прашањето е конкретно, дали нешто е преземено и кога ќе се превеме околу нормализирање на сообраќајот на овие неколку точки кои што ги спомнав.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Молам, ќе подготвите писмен одговор и за ова.

Дали има друго пратеничко прашање (нема) .

Ако нема, сега да минеме на утврдување на дневниот ред.

Значи, 44 пратеници поставија прашања до Владата.

Одиме натаму.

Пратеникот Назми Маличи на седницата на Законодавно -правната комисија го повлече Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за утврдување на стопански недоволно развиени краишта, со Предлог на закон.

XI/7.-

Пратеникот Руфи Османи поднесе Предлог за донесување на закон за изменуваше и дополнуваше на Законот за сметководство, со Предлог на закон.

При доставувањето на Предлогот на овој закон Ви поднесов Предлог Собранието да го донесе овој закон со скратени рокови на ј

оваа седница.

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

Се работи за постапката, дали да го гледаме на оваа седница или на идната седница, затоа што предлагам скратување на постапката. само тоа. Инаку, не е исполнет условот од 14 дена и тоа се објаснува.

Кој е за, молам да крене рака?

48 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање?

5 пратеници се воздржаа од гласање.

Еден голем број пратеници не гласале, затоа што гледам дека во салата се присутни повеќе од 7 0 пратеници. Некој не гласал.

Би молел службите, за секој случај, да утврдат точен број на пратеници присутни во салата, за да не остане сомневање.

(По пребројувањето).

77 пратеници се присутни во салата.

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Претседателот и потпретседателите на Собранието и тоа Тито Петковски и Киро Поповски поднесоа Предлог на одлука за формирање

одбор за одбележување на Педесетгодишнината од основањето на Организацијата на Обединетите нации и Предлог на одлука за формирање одбор за добележување на Педесетгодишнината од победата над фашизмот и предлагаат овие одлуки да бидат разгледани на денешната седница на Собранието.

Предлозите на одлуките Ви се поделени.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

71 пратеник гласаше за.

Дали има некој против?

1 пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласаше? (Никој)

Констатирам дека Предлогот е усвоен.

Пратениците Љубомир Поповски, Аце Косевски, Мирко Трипуновски, Насер Зибери, Томислав Стојановски, Ќенан Хасипи и Ристо Трајков поднесоа Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија и предлагаат оваа одлука да биде разгледана на денешната седница на Собранието.

Предлогот на одлуката Ви е поделен.

Молам, еден од подносителите да ја образложи итноста.

Има збор г-динот Љупчо Поповски.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, бидејќи поминаа повеќе од два месеци од конституирањето на Собранието на Република Македонија и заради негова успешна и ефикасна работа во наредниот

период, се чувствуваше потреба од пристапување кон донесување на одлука за формирање на постојаните работни тела на Собранието на Република Македонија. Во една прва фаза ние успеавме да конституираме шест работни тела на Собранието, меѓутоа, остана уште еден голем број работни тела кои не беа формирани до ден денес.

Во меѓувреме, Вие знаете дека Собранието одржа 8 работни седници и имаше одреден број на законски проекти кои заради непостоењето на тие работни тела не беа гледани и не беше запазена донекаде собраниската процедура.

Оттаму, предлагаме како предлагачи, група пратеници на денешната седница по итна постапка да се разгледа одлуката и да биде при- фатена.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

74 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (Нема)

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој)

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата поднесе Предлог на одлука за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија и Предлог на одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија и предлага овие одлуки да бидат разгледани на денешната седница на Собранието.

Предлогот на одлуките Ви се поделени.

Молам, претседателот на Комисијата да ја образложи итноста

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на фактот дека ова Собра- ние треба да почне да си ја остварува својата уставна улога согласно одредбите и деловникот, неопходно е потребно работните тела на Собранието да се комплетираат согласно Одлуката за која претходно дискутиравме и беше овде предложено. Јас Ве молам, овој предлог што е за овие две одлуки што денес треба да бидат пред Вас да ги прифатите по итна постапка за да може Собранието нормално легитимно да работи во натамошната процедура.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Кој е за предлогот, молам да крене рака?

70 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (нема)

Дали некој се воздржува од гласање.

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Според тоа за денешната седница го предлагам следниот Дневен ред:

1. Предлог на завршна сметка на Републичкиот буџет за 1993 година;

2. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството, со Предлог на закон;

3. Предлог на одлука за формирање одбор за одбележување на Педесет годишнината од победата над фашизмот;

4. Предлог на одлука за формирање одбор за одбележување на педесет годишнината од основањето на Организацијата на обединетите нации;

5. Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија;

6. Предлог на одлука за изменување и дополнување на одлуката за избор на претседатели и членови на Комисиите на Собранието на Република Македонија.

7. Предлог на одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на предложениот дневен ред.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитувани пратеници на последната седница на нашево Собрание поднесов барање да се разгледаат состојбите со откупот на тутунот од минатогодишното производство на оваа култура. на оваа седница не беше прифатен тој предлог. Во меѓувреме поднесов писмено барање до претседателот на Собранието, г-динот Стојан Андов, Владата на Република Македонија да поднесе информација за тоа како смета да го реши проблемот со откупот на тутунот.

XII/2.-

На последната седница г-динот Бекир Жута рече дека раправат. во Владата околу решавањето на овој проблем е во тек. По 15 дена од оваа седница до денес на планот на откупот на тутунот не е мрднато ни со рака.

Предлагам на оваа седница да се поведе расправа за оваа мошне тешка задача.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние денес не можеме да поведеме расправа за овој проблем бидејќи немаме материјал.

Предлогот на г-динот Тантаров е упатен до Владата. Кога ќе дојде информацијата ќе му биде упатена на Собранието, а тоа не значи дека Собранието треба да расправа туку да биде информирана за тоа, како што овде и разговаравме за тие работи.

Добро, имаме предлог за дополнување на дневниот ред.

Го ставам на изјаснување предлогот за дополнување што го даде г-динот Тантаров.

Кој е за молам да крене рака?

(Пратениците креваат рака)

Ве молам немаме информација за тоа. Јас укажав на тоа.

(Префрлање на пратениците од место да не се тогаш предлогот на изјаснување).

Како да не го ставам кога од говорница е даден предлогот и ви укажав дека не може да влезе бидејќи немаа материја. Затоа треба да водите сметка.

Има збор г-динот Наќе Стојановски.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас само сакам да го поддржам предлогот што беше даден од претходниот пратеник и да ги замолам пратениците да имаат посериозен пристап спрема оваа проблематика. Состојбите во оваа област се

XII/3.-

алармантни, времето истекува, а се работи за култура и сезона кои коинцидираат со проблематиката за која треба да расправа ова Собрание, тоа е нужност да се постави на дневен ред на седница на Собранието. Нужноста за поставување на расправа во Собранието кога проблематика произлегува и оттаму што изгледа дека се исцрпени во голема мера и можностите со кои може Владата во оваа ситуација да презема мерки од својата надлежност. Оттаму императивно се наменува потребата ова Собрание да расправа по ова прашање.

Во однос на дилемата дали тоа треба да се прави денес без недостиг на информација, јас мислам дека не треба да се прави, но дека треба да влезе во утврдување на дневниот ред со седница кој ќе продолжи, истата седница во моментот кога ќе се добие информацијата од Владата.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ние, за две недели веќе имаме закажано нова седница. Ако добиеме информација ќе ја уврстиме во дневниот ред на таа седница. Зошто да биде на оваа.

Во секој случај имаме уште едно дообјаснување.

Молам, кој е за предлогот на господинот Тантаров да крене рака (35).

Според тоа констатирам дека овој предлог не е усвоен.

Има збор господинот Алил Џафероски.

**АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ:**

Се сомневам во точноста на броењето и барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали има поддршка од 10 пратеници?

(Има 11 пратеници кои го поддржуваат предлогот на господинот Џаферовски).

Го молам секретарот на Собранието да излезе и да изврши прозивка за поединечно гласање.

Секретарот врши прозивка за поединечно гласање.

XII/4.-

# СПИСОК

## на пратеници во Собранието на Република Македонија, според азбучен ред на презимиња

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | воздржан |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | против |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | против |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | против |
| 7.ЃОРЃИ АТАНАСОВ | за |
| 8. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | за |
| 9. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | за |
| 10. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | за |
| 11. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | воздржан |
| 12. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | за |
| 13. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 14. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | за |
| 15. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | не е тука |
| 16. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 17. КИРЕ ВИДИМЧЕ | за |
| 18. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | воздржан |
| 19. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | воздржан |
| 20. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | за |
| 21. ТУШЕ ГОШЕВ | воздржан |
| 22. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | за |
| 23. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 24. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | против |
| 25. ЛАЗАР ДИМОВ | за |
| 26. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | не е тука |
| 27. НАСЕР ЗИБЕРИ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

XII/5.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | не е тука |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | за |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | воздржан |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | за |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | за |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | за |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | воздржан |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | против |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | против |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | не е тука |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | за |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | за |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | против |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | не е тука |
| 45. РАТКА КУЉАН-ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | против |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | против |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | воздржан |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | не е тука |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | против |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | не е тука |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | против |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | против |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 58. ФЕРИТ МУСОВСКИ | воздржан |
| 59. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 60. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 61. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | за |
| 62. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | против |

| | |
|---|---|
| 63. ВАНЕ НАУМОСКИ | воздржан |
| 64. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 65. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | не е тука |
| 66. ЈОВАН НИКОЛОВ | не е тука |
| 67. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 68. РИСТО НИКОЛОСКИ | против |
| 69. РУФИ ОСМАНИ | воздржан |
| 70. БОРИС ПАВЛОВ | не е тука |
| 71. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | воздржан |
| 72. ТИТО ПЕТКОВСКИ | против |
| 73. МИРКО ПЕЦОВ | не е тука |
| 74. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | за |
| 75. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 76. КИРО ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | против |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | за |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | против |
| 80. АБДУРАФ ПРУСИ | не е тука |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | не е тука |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | за |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | за |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | воздржан |
| 85. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | воздржан |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | против |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | воздржан |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | воздржан |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | воздржан |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | не е тука |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | не е тука |

XII/6.-

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. МЕВЉАН ТАИРИ | против |
| 99. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 100. ЗОРЕ ТЕМЕЛКОВСКИ | не е тука |
| 101. ПЕТАР ТАЛИМЏИОСКИ | за |
| 102. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | против |
| 103. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | за |
| 104. МИЛЧО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 105. РИСТО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 106. МИРКО ТРИПУНОСКИ | против |
| 107. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | против |
| 108. РАМИ ТУДА | не е тука |
| 109. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | против |
| 110. СЕФЕДИН ХАРУНИ | не е тука |
| 111. ЌЕНАН ХАСИПИ | за |
| 112. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | за |
| 113. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 114. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | за |
| 115. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | за |
| 116. АРБЕН ЏАФЕРИ | воздржан |
| 117. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | за |
| 118. ЗОРАН ШАПУРИЌ | против |
| 119. ИСНИ ШАЌИРИ | за |

XII/7.-

**СТОЈАН АНДОВ:**

Гласале 81 пратеник.

За предлогот гласале 35 пратеници.

Против се 25 пратеници.

Воздржани се 21 пратеник.

Според тоа констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали има други предлози?(Нема)

Според тоа кој е за предложениот дневен ред? (68).

Дали има некој против? (тројца)

Дали некој се воздржува од гласање (еден)

Констатирам дека дневниот ред е усвоен.

Преминуваме на **<u>првата точка</u>** од дневниот ред - <u>Предлог на завршна сметка на Републичкиот буџет за 1993 година.</u>

Предлогот на завршната сметка и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес во начело.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот во начело.

Отворам претрес по текстот на предлогот на завршната сметка.

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и предлогот на завршната сметка го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 71 патеник.

Дали некој има против? (2)

Дали некој се воздржува од гласање?(1)

Констатирам дека Собранието ја донесе завршната сметка на Републичкиот буџет за 1993 година.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 2** - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководството, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на закон и извештаите на работните тела на Собранието и Мислењето на Владата на Република Македонија, ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Комисијата за финансирање и буџет не го поддржа Предлогот за донесување на овој закон и му предлага на Собранието да не го донесе предложениот закон од причините наведени во Извештајот на Комисијата.

Молам, кој бара збор?

Вие барате ли збор?

(Реагирање од место).

Ова е претрес по Предлогот за донесување на закон. Таа комисија дава амандмани по текстот. Таа ќе дојде на ред ако ги мине законот овие фази.

Има збор господинот Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани колеги, јас ќе настојувам да бидам краток она што го имам изнесено и како Предлог на закон, а и како дополна во вид на амандман на истиот, но моето образложение ќе го има предвид и ставот на Законодавно - правната комисија со кое нешто најдовме некој си модусни венди да во овој момент биде прифатливо она што е најбитно, а тоа значи член 12 од овој закон, Законот сметководство биде во

функција, односно во примена од 1 јануари 1996 година. Но независно од тоа ќе изнесам некои работи за кои јас мислам дека се битни овој Парламент да ги осознае како видувања во ова поле, во кое поле јас непрекинато сум работел скоро 10 години и ценам дека сум повикан пред се од страна на струката, а понатаму и како одраз на мнението на сметководствените работници во Македонија, значи независно од крајот во кој живеат и работат, да изнесам некои работи кои ние цениме дека се битни и кои на жалост Министерството за финансии не ги зема предвид или не ги уважува доволно. Во таа смисла ќе ги изнесам следните работи:

Во животот обично има мали нешта кои мали нешта имаат битно значење, па во таа смисла и мојот предлог кој е даден, кој се состои само од три члена, има огромно значење за сметководствените работници во Македонија. Познавајќи ја оваа струка, а и во консултација со скоро сите консалтинг куќи во Македонија дојдовме до сознанија дека има потреба да се предложи измена и дополна на член 12 на Законот за сметководство со цел истиот, кој во суштина би требало да е во снага од 1 јануари 1995 година, како резултат на тоа што не се направени навреме сите подготовки и дека реално не постојат реални услови тој да биде применет од 1 јануари 1995 година, да дадеме можност тој да се примени по можност после една или две години. Во таа смисла јас ќе изнесам некои констатации кои ценам дека се битни во смисла на осознавање на вистината на ова поле.

Имено, ние во нашиот предлог предлагавме надлежностите од аспект, односно опремување со сертификати, односно тие звања од овластената организација која беше предвидена како солуција во постојниот Закон, тие работи да преоѓаат во надлежност на државата

како покомпетентна и како кадровски и материјално ситуирана. Со тоа тие работи да добијат во тежина и да се знае дека тие работи не можат во никој случај да се препуштат на одредена организација која претендира да биде тоа а без претходно да се обелодени врз база на кои критериуми и мерила е прогласена таа организација имајќи предвид дека во областа на сметководството во Македонија функционираат повеќе организации кои реално претендираат да бидат таа стручна организација.

Понатаму, со предлогот се сака да се создава законска рамка звањата кои ќе бидат рангирани, пред се базирајќи на два критериума, а тие се школската спрема и работното искуство да имаат законска рамка, почнувајќи од критериумите кои се предложени во Правилникот на организацијата која претендира да биде иста, а кои се надвор од Законот, бидејќи таму се предложени неколку звања, а Законот познава само овластени сметководители.

Понатаму, трето, предлагаме рокот за примена на член 12 од Законот се пролонгира имајќи предвид дека актуелната ситуација во Македонија е таква да се наметнува потреба тој рок да биде пролонгиран имајќи го предвид пред се член 1 од Законот за сметководство, според кој член би требало сите правни лица, вклучувајќи ги и физичките лица кои обавуваат дејности и кои се обврзници од данокот на добивка да водат сметководство, односно тоа сметководство да им го водат овластени лица. Значи лица кои ќе го поседуваат тој сертификат.

Почнувајќи од овие работи кои во начело се присутни во праксата а имајќи го предвид и фактот дека во организацијата која претендира да биде овластена организација над 80% се вклучени поранешните раководители или сегашните инспектори на СОК, односно сегашната

XIII/4.-

Дирекција за управа за јавни приходи. Додека пак на жалост не се вклучени стручни луѓе кои работат во оваа проблематика и кои се организирани во разни консалтинг куќи во Македонија.

Имено, со овој предлог се сака исто така да се отстрани можноста за издавање на времени сертификати кои би важеле до 31 декември 1996 година, како што е предвидено во правилниците на организацијата која претендира да биде стручна.

Понатаму, битно е овде да се изнесе фактот дека ако се направи еден попис на сите тие правни лица односно физички лица кои се должни да водат сметководство согласно овој закон, односно кои се обврзници на данокот од добивка, ќе дојдеме до еден факт дека согласно овие одредби ние во моментот тешко ќе можеме да најдеме доволен број на лица кои исполнувајќи го тој услов ќе можат законски да водат таква евиденција.

Па, аналогно на тоа, да не должам многу бидејќи гледам дека нема атмосфера за да се сослушаме, иако можам одговорно да кажам дека овој Предлог-закон е предложен на овој Парламент со претходни консултации особено со лица на кои им тежи овој закон и јас би препорачал на Парламентот особено кога се работи за временскиот период за примена на овој закон да го има предвид ова, бидејќи и јас сум сигурен дека во практиката ќе настане една хаотична ситуација која од друга страна ќе овозможи на одредени "државни луѓе" кои работејќи, односно делувајќи во вондржавни асоцијации или институции да прават недозволен бизнис на штета на една огромна маса, армија на сметководители. Затоа ќе завршам апелирајќи на вас во име на грото на моите колеги од Македонија да имате разбирање за оваа работа, да го предложите ова што се предлага со единствена цел да се створи релаксирана временска рамка сите овие работи се предвидуваат како

што треба. Да во сите тие работи во еден релаксиран временски период се вклучат сите стручни организации кои постојат во Македонија, да се направи адекватна едукација на кадри, слично на она што значеше ревизори и проценители и струката на сметководителите ја добие тежината што ја има, да кажеме струката на адвокатите.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Хари Костов.

**ХАРИ КОСТОВ:**

Ние веќе денес на Законодавно - правната комисија имавме расправа по овие делови и јас имајќи ги предвид и укажувањата што беа изнесени во дискусијата би рекол дека Владата се согласи со амандманите кои се формулирани од страна на Законодавно- правната комисија, со тоа што рокот се пролонгира. Мислам дека остава, еве уште таа една година период во кој што можеме ова посмирено навистина, со оглед на целокупната проблематика, што беше истакнато од господинот Османи.

Значи Владата ги прифаќа амандманите формулирани од Законодавно - правната комисија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да објасниме процедурално. Бидејќи сега ние сме во фазата да утврдиме и Собранието да одлучи дали да се донесе тој закон, ова сега што го соопштува господинот Костов значи дека првото мислење од Владата да не се донесе законот, се повлекува. Се разбира тоа нели.

Молам, дали уште некој бара збор?

XIII/6.-

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок.

1. Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за сметководство.

Кој е за, молам да крене рака?

(70 пратеници гласа за).

Дали е некој против?

(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон?

Кој е за, молам да крене рака?
(70 пратеници гласа за).
Дали е некој против?
(1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на закон.

Молам, кој бара збор?

Никој.

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

XIII/7.-

Отворам претрес по текстот на Предлогот на закон.

Предлагачот на законот, пратеникот Руфи Османи поднесе амандман за менување на член 1 и тој е составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на насловот на законот, за бришење на член 1, за менување на член 2 и на член 3 со кои се согласил предлагачот на законот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?
(69 пратеници).
Дали е некој против?
(1 пратеник).
Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за сметководство.

Минуваме на **точката 3** - Предлог на одлука за формирање на Одбор за одбележување на 50-годишнината од победата над фашизмот.

Предлогот на одлуката ви е поделен.
Отворам општ претрес.
Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (не бара).

Бидејќи не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(69 пратеника гласаа за).

Дали има некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за формирање Одбор за одбележување на 50-годишнината од победата над фашизмот.

Минуваме на **точката 4** - Предлог на одлука за формирање Одбор за одбележување на 50-годишнината од основањето на организацијата на Обединетите Нации.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

(72 пратеника гласа за).

Дали е некој против? (Не).

Дали некој се воздржува од гласање? (Не .

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за формирање Одбор за одбележување на 50-годишнината од основањето на Организацијата на Обединетите Нации.

Минуваме на **<u>точката 5</u>** - <u>Предлог на одлука за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.</u>

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Пратеникот Димитрија Поповски поднесе амандман на член 17 за додавање нова алинеја по алинејата 4 по кое предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Аце Коцевски поднесе амандмани на насловот на точка 16 и на точка 16 за бришење на алинеја 8 и за додавање четири нови алинеи во кои предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на насловот на точка 16 поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Молам, еден од предлагачите да се произнесе.

XIII/10.-

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на точка 16 за бришење на алинејата 8 и за додавање четири нови алинеи, поднесен од пратеникот Аце Коцевски.

Молам, господинот Поповски да се произнесе.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

И овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Одиме понатаму.

Отворам претрес по амандманот на точка 17 за додавање нова алинеја по алинејата 4, поднесен од пратеникот Димитрија Поповски.

Ве молам господине Поповски да се произнесете.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Исто и овој амандман се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

(Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на одлуката и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (66 пратеника гласа за).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласање? (2 пратеника).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за основање на постојани работни тела на Собранието на Република Македонија.

XIV/1.- СС/МЛ

**СТОЈАН АНДОВ:**

Минуваме на **точката 6** - Предлог - одлука за изменување н дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисните на Собранието на Република Македонија.

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласаше.

Кој е за, молам да крене рака? (68 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржува од гласањето? (3 пратеници).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Минуваме на **точката 7** – Предлог - одлука за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Предлог - одлуката ви е поделена.

Отворам општ претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам општиот претрес

Отворам претрес по текстот на Предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Има збор г-динот Ајдарага.

XIV/2.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Една забелешка по однос на составот на Комисијата, односно претседателот, немам ништо лично против господинот Бранко Арсовски, само малку ми изгледа нелогично затоа што ми се чини дека ќе се јави во двојна улога и како креатор на политиката и како извршител. Само од таа страна мислам дека не е во ред.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој бара збор? (Не бара).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (70 пратеници).

Дали е некој против? (6 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласањето? (2 пратеници).

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на претседатели и членови на комисиите на Собранието на Република Македонија.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

Како што сте известени денес треба да продолжиме и со преостанатите точки од дневниот ред на конститутивната седница на Пратеничката група на Собранието на Република Македонија на Интерпарламентарната унија. Затоа ве молам да останете на своите места во салата.

(Седницата на Собранието заврши во 16,40 часот).